



Гонење кривични дела од омраза на пресекот помеѓу кривични дела од омраза и криминализиран „говор на омраза“:

ПРАКТИЧЕН ВОДИЧ

OSCE ODIHR

Гонење кривични дела од омраза на пресекот помеѓу кривични дела од омраза и криминализиран „говор на омраза“:

ПРАКТИЧЕН ВОДИЧ



Гонење кривични дела од омраза на пресекот помеѓу кривични дела од омраза и криминализиран „говор на омраза“: Практичен водич

Варшава, 2025 ОБСЕ/ОДИХР

Издадено од Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР)

ул. Миодова 10
00-251 Варшава
Полска

www.osce.org/odihr

© OSCE/ODIHR 2025 Сите права се задржани.

Содржината на оваа публикација може слободно да се користи и копира за едукативни и други некомерцијални цели, под услов при секоја репродукција ОБСЕ/ОДИХР да се наведе како извор.

ISBN: 978-92-9271-448-2

Графички дизајн: Homework

Благодарност

Овој водич е изработен со поддршка од **Џоана Пери**, во својство на меѓународен консултант за кривични дела од омраза и главен автор, преку спроведени поединечни интервјуа во текот на 2023 година и одржани консултативни состаноци во февруари и јуни 2024 година во Варшава, како и рецензија на нацрт-текстот. ОДИХР сака да искаже благодарност за учеството и придонесот на **Едо Сујолџиќ**, национален правен офицер, Мисија на ОБСЕ во Босна и Херцеговина; **Александер Франсоа**, заменик јавен обвинител и референтен судија за дискриминација, Јавно обвинителство на Лиеж, Белгија; **Алеш Гиао Ханек**, меѓународен експерт за кривични дела од омраза; **Естер Полгари**, директор на правна програма, граѓанска организација Хатер (Háttér Society), Унгарија; **Мајкл Винер**, офицер за човекови права, Канцеларија на Високиот комесар за човекови права на Обединетите нации; **Јуха-Мико Хамалаинен**, пензиониран обвинител, Финска; **Еленор Фароу**, виш советник за политики, Директорат за политики за криминал од омраза, стратегии и политики, Кралска обвинителска служба, ОК; **Калиопи Теологиту**, заменик јавен обвинител за Апелациски суд, Атина, Грција; **Маќеј Млинарчек**, обвинител, Окружно обвинителство за Варшава, Полска; **Лаша Мчедвишвили**, обвинител, Генерално обвинителство на Грузија; **Александар Маркоски**, јавен обвинител, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија; **Марија Тереса Вердуго Морено**, обвинител за кривични дела од омраза во Обвинителството на Малага, Шпанија; **Марта Маркуина Бертран**, Оддел за кривични дела од омраза и дискриминација на Државното обвинителство на Шпанија; **Мелиса Сонино**, директор на Facing Facts Network, CEJI; **Клара Калибова**, директор, In Iustitia, Република Чешка.

Рецензија на водичот извршија и претставници на Европската комисија, Агенцијата за темелни права на ЕУ, Советот на Европа, Европската комисија против расизам и нетолеранција, Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права на Обединетите нации и Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал.

Содржина

Вовед **7**

Заднина 11
Зошто е важен овој водич 11
Како да се користи овој водич 15

1. Кривични дела од омраза и криминализиран „говор на омраза“: концепциски разлики **17**

1.1. Кривични дела од омраза 17
1.2. Криминализиран „говор на омраза“ 18
1.3. Практични импликации 20

2. Законски одредби за кривични дела од омраза и криминализиран „говор на омраза“ **28**

2.1. Гонење кривични дела од омраза 28
2.2. Законски одредби за криминализиран „говор на омраза“ 32
2.3. Кривични дела кои се вкрстуваат 41

3. Стебло на одлуки за обвинителот **48**

4. Примери за кривично гонење во пракса **60**

4.1. Примена на одредбите за „говор на омраза“ во гонењето кривични дела од омраза 60
4.1.1 Случај 1 60
4.1.2 Случај 2 65

4.2. Примена на одредбите за криминализиран „говор на омраза“ во отсуство на релевантни одредби за кривични дела од омраза 68
4.2.1 Случај 3 69
4.3. Комбинирани случаи: инциденти кои вклучуваат кривични дела од омраза и дела на криминализиран „говор на омраза“ 72
4.3.1 Случај 4 72
4.4. Справување со дела на вербална злоупотреба и говор на границата со кривични дела од омраза и „говор на омраза“ 76
4.4.1 Случај 5 76
4.4.2 Случај 6 79

5. Импликации поврзани со пристапот до правда и поддршката за жртвите 84

5.1. Право на ефикасна истрага 85
5.2. Пристап до поддршка 86
5.3. Пристап до правото на учество 87

6. Податоци и креирање политики 88

7. Препораки 90

Анекс: Меѓународни стандарди и ресурси за криминализиран „говор на омраза“ 93

Links last accessed on 30 October 2024.

Вовед

Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР) е главната институција на ОБСЕ одговорна за човековата димензија, со мандат да дава помош на земјите учеснички во нивните напори за спроведување на заложбите во областа на кривичните дела од омраза.[1] За таа цел, ОДИХР подготвува и спроведува програми за градење капацитети и обезбедува практична помош и ресурси за органите за спроведување на законот, обвинителите и граѓанското општество. Со тоа се дава поддршка за примена на сеопфатен пристап во одговорот на кривичните дела од омраза во полза на жртвите и заедниците низ целиот регион на ОБСЕ.[2]

Во текот на својата работа[3] поврзана со кривичните дела од омраза, ОДИХР утврди значителни недостатоци во однос на разбирањето кај практичарите како правилно да ги применат законите за кривични дела од омраза, што се гледа преку погрешната примена на законите за „говор на омраза“ во гонењето кривични дела од омраза.

Овој водич претставува надополнување на постоечките упатства на ОДИХР за постапување по кривични дела од омраза преку:

- Преглед на правните и концепциските разлики помеѓу кривичните дела од омраза и криминализираниот „говор на омраза“;
- Преглед на последиците од погрешната примена на одредбите за „говор на омраза“ во гонењето кривични дела од омраза, притоа обезбедувајќи практични насоки како да се избегне тоа; и
- Препораки за подобрување на праксата на национално ниво.

1 Одлука на Министерскиот совет бр. 9/09, „Борба против кривичните дела од омраза”, ОБСЕ, Атина, 2 декември 2009; Одлука на Министерскиот совет бр. 4/03, „Толеранција и недискриминација”, ОБСЕ, Мастрихт, 2 декември 2003. За целосен опис на мандатот на ОДИХР и релевантните заложби на ОБСЕ, види тука.

2 Обука за кривични дела од омраза за органите за спроведување на законот (TAHCLE), ОБСЕ/ОДИХР, 4 октомври 2012; Обука за кривични дела од омраза за обвинители (PAHCT), ОБСЕ/ОДИХР, 29 септември 2014; Обука за кривични дела од омраза за граѓанското општество, ОБСЕ/ОДИХР Веб-страница за известување за кривични дела од омраза; Збирка алатки за информации за кривични дела од омраза (INFAHCT), ОБСЕ/ОДИХР, 29 август 2018; Зајакнување на поддршката за жртви на кривични дела од омраза (ESTAR) проект, ОБСЕ/ОДИХР, 1 јануари 2020 до 30 април 2022.

3 Особено годишниот Извештај за кривични дела од омраза на ОДИХР, програмите TAHCLE, PAHCT, INFAHCT и ESTAR

Во оваа публикација не се даваат насоки за постапување во поединечни предмети со каква било форма на криминализиран „говор на омраза“, ниту пак се сугерира кои форми на однесување треба да се криминализираат.

Кривичните дела од омраза се кривични дела извршени со мотивираност од пристрасност.[4] Кривично дело од омраза е кога намерна мета на сторителот е поединец или имот поради една или повеќе идентитетски особини, како што се „раса“,[5] јазик, религија или верување, етничка припадност, националност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, попреченост или друга заедничка карактеристика која има основно значење за идентитетот, или при извршувањето на кривичното дело било искажано непријателство за овие идентитетски особини. Луѓе или имот кои се поврзуваат со, или за кои се смета дека се припадници на група која споделува одредена идентитетска особина, исто така, може да бидат мета на кривични дела од омраза, како што се бранители на човекови права, граѓански организации кои работат со или претставуваат одредена група, центри на заедницата или места за богослужба.[6]

Не постои меѓународно договорена дефиниција за „**говор на омраза**“, но меѓувладините организации дадоа насоки за основните елементи на оваа појава, која може да опфати широк спектар на кривични и некривични дела.[7] Земјите учеснички на ОБСЕ го осудија „говорот на омраза“ и дискурсот на нетолеранција,[8] вклучувајќи расистички, ксенофобичен и дискриминаторски јавен дискурс,[9] и ја нагласија потребата за залагање против делата од омраза и манифестирањето омраза.[10]

4 ОБСЕ, Одлука на Министерскиот совет бр. 9/09.
5 Употребата на терминот „раса“ во овој водич не значи прифаќање од страна на ОБСЕ/ОДИХР на која било теорија заснована на постоењето на различни раси. Тоа е термин во широка употреба во меѓународните стандарди за човекови права, како и во националните законодавства. Во водичот се користи овој термин за да се заштитат од кривични дела од омраза луѓето за кои погрешно се смета дека припаѓаат на друга „раса“.
6 ОБСЕ/ОДИХР веб-страница Извештај за кривични дела од омраза.
7 Види, на пример, Стратегија и Акциски план на ОН за говорот на омраза, (18 јуни 2019), каде говорот на омраза се дефинира како „секој тип на комуникација преку говор, во писмена форма или преку однесување, со која се напаѓа или се користи погрден или дискриминаторски јазик кон лице или група на основ на тоа кои се тие, или со други зборови, на основ на нивната религија, етничко потекло, националност, раса, боја, потекло, род или друг идентитетски фактор” [ОДИХР затемнето]; Совет на Европа Препорака CM/Rec (2022)16 од 22 мај 2022 за борба против говорот на омраза, Прилог на Препораката, параграф. 2: „За целите на оваа препорака, под говор на омраза се подразбира секој тип на изразување што поттикнува, промовира, шири или оправдува насилство, омраза или дискриминација на лице или група на лица, или ги оцрнува, поради нивна реална или припишана лична карактеристика или статус, како што се „раса”, боја, јазик, религија, националност, национално или етничко потекло, возраст, попреченост, пол, родов идентитет и сексуална ориентација.”
8 Одлука на Министерскиот совет бр. 6/02, „Толеранција и недискриминација”, ОБСЕ, Порто, 7 декември 2002.
9 Одлука на Министерскиот совет бр. 13/06, „Борба против нетолеранцијата и дискриминацијата и промовирање на взаемна почит и разбирање, ОБСЕ, Брисел, 5 декември 2006.
10 Министерски совет, Одлука Бр. 10/05, „Толеранција и недискриминација: Промовирање взаемна почит и разбирање”, ОБСЕ, Љубљана, 6 декември 2005.

Покрај тоа, меѓународното право за човекови права не обезбедува универзална, правна дефиниција за „говор на омраза“. Криминализацијата на „говорот на омраза“ е строго ограничена со обврската да се постигне баланс помеѓу правото на еднаквост и недискриминација со правото на слобода на изразување, кое е загарантирано со член 19 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права[11] (МПГПП) и член 10 од Европската конвенција за човекови права[12] (ЕКЧП). Поттикнувањето на дискриминација, непријателство или насилство на национална, расна или верска основа е забрането според член 20(2) од МПГПП,[13] со член 4(а) од Меѓународната конвенција за елиминација на расна дискриминација (ИЦЕРД)[14], член 1 од Рамковната одлука 2008/913/ЈНА на Советот на ЕУ за борба против одредени форми и изразување на расизам и ксенофобија со помош на кривичното право (Рамковна одлука на ЕУ)[15] и Препораката на Советот на Европа (СЕ) за борба против „говорот на омраза“.[16] Текстовите на овие стандарди се дадени во Анексот.

И кривичните дела од омраза и „говорот на омраза“ го нарушуваат достоинството на оние кои се нивна мета и доведуваат до непријателска и понижувачка средина за маргинализираните групи. Овој водич има за цел да ги поддржи обвинителите да направат разлика помеѓу кривичните дела од омраза и криминализираните форми на „говор на омраза“, за да можат да определат точна квалификација за конкретното дело. Тоа претставува основен принцип во заштитата на правото на ефикасен правен лек за жртвите, така и на правото на правна сигурност за обвинетите.

Овој водич е особено важен бидејќи за разлика од криминализираниот „говор на омраза“, кривичните дела од омраза (и правните алатки за нивно решавање) се помалку видливи за полицијата и обвинителите. Постојат три клучни причини за тоа:

- Прво, во многу земји, кривичните дела со кои се криминализира „говорот на омраза“, како што е поттикнувањето насилство и омраза, се добро утврдени и сфатени како основна декларација против некои од најсериозните закани за плуралната демократија, мирот и безбедноста. Овие кривични дела обично се релативно видливи во кривичните законици и постојат подолго време за разлика од оние кои се однесуваат на кривичните дела од омраза. Тие исто така се разбираат и како составен дел на националните концепти

11 Меѓународен пакт за граѓански и политички права (МПГПП), UNGA Res. 2200A (XXI), 16 декември 1966.
12 Европска конвенција за човекови права, (ЕКЧП), Совет на Европа, 4 ноември 1950.
13 ООН, МПГПП.
14 Меѓународна конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација, (ИЦЕРД), UN GA Res. 2107 (XX), 21 декември 1965.
15 ЕУ Европски совет Рамковна одлука 2008/913/ЈНА за борба против одредени форми и изрази на расизам и ксенофобија преку кривичното право, 28 ноември 2008.
16 Препорака за борба против говорот на омраза, Совет на Европа, CM/Rec (2022) 16, 20 мај 2022.

за кривични дела од омраза на многу земји, а во националните политики и акциски планови не се прави разлика помеѓу нив и кривичните дела од омраза.

- Второ, кривичните дела од омраза се помалку видливи како појава, бидејќи поверојатно е нивна мета да бидат поединци кои, како што посочуваат доказите, се колебаат да го пријават тоа што го доживеале во полицијата.[17] Спротивно на тоа, „говорот на омраза“ е генерално јавен и затоа е поверојатно да биде идентификуван и пријавен.
- Трето, на практично ниво, најчесто законите за кривични дела од омраза, односно, општото заострување на казните, се помалку видливи за практичарите бидејќи обично се содржани во општиот дел на кривичниот закон и не претставуваат засебна одредба за кривично дело. Затоа, тие не се вклучени во обвинението и на нив се упатува во фазата на одмерување на казната. Така се намалуваат шансите судот да ги примени.[18] Најчесто, во законите со кои се криминализира „говорот на омраза“, делата на „говор на омраза“ се предвидени како посебни или специфични кривични дела со повидливо место во кривичниот законик, и од таа причина полицијата и обвинителите се повеќе запознаени со нив.

Понатаму, во некои земји, концепциските разлики помеѓу кривичните дела од омраза и криминализираниот „говор на омраза“ може да се сметаат за неважни, бидејќи и двете се криминализирани форми на омраза во домашното право и затоа и двете се сфаќаат како кривични дела од омраза. Во други земји, разликата помеѓу нив е од суштинска важност, бидејќи уставната заштита на слободата на говорот забранува да се криминализира чисто изразување во речиси која било форма.

Врз основа на примери за закони и практики од целиот регион на ОБСЕ, овој водич има за цел да се поддржи ефективно, правично и вешто постапување по кривичните дела од омраза, особено онаму каде што тие се вкрстуваат со криминализираниот „говор на омраза“, со крајна цел да се зголеми пристапот до правда, како и безбедноста и поддршката за жртвите и правната сигурност за обвинетите. Водичот се надоврзува на постојните публикации на ОДИХР на кои се упатува низ целиот текст.

17 Види, на пример, Пракса за евидентирање и собирање податоци за кривични дела од омраза низ ЕУ, Агенција на ЕУ за фундаментални права (ФРА), 21 јуни 2018

18 Кога за казнување кривични дела од омраза се користи општо заострување на казната, мотивираноста од пристрасност обично се разгледува кога на сторителот му се одмерува казната. За појаснување и дискусија за општото заострување на казната, види Дел 2.1.3 од овој водич и Закони за кривични дела од омраза: Практичен водич, ревидирано издание, ОБСЕ/ОДИХР, 23 септември 2022, стр. 59.

ЗАДНИНА

Во 2023 година, ОДИХР спроведе активност за мапирање, во која беа вклучени обвинители, креатори на политики и адвокати кои работат директно со жртвите на кривични дела од омраза, и преку документирање на нивните заеднички предизвици беше идентификувана неодложна потреба за практични насоки и обука. За време на работилницата одржана во февруари 2024 година, обвинителите и адвокатите со искуство во застапување на жртви на кривични дела од омраза детално презентираа студии на случај со практични и концепциски аспекти на кои ќе се осврне овој водич.

Во јуни 2024 година, ОДИХР организираше завршни консултации со претставници на меѓувладини организации и агенции и меѓународни невладини организации како признание за зголемената соработка во оваа област и за важноста од усогласување на пристапите на меѓународно ниво. За време на работилницата беа собрани повратни информации и учесниците разговараа и се согласија за тоа како да се изградат синергии и да се координираат активностите за градење капацитети и мониторинг на постапувањето со кривичните дела од омраза.

ЗОШТО Е ВАЖЕН ОВОЈ ВОДИЧ

Иако улогата и статусот на обвинителите во голема мера се разликуваат помеѓу земјите учеснички на ОБСЕ, обвинителите во сите земји имаат клучна позиција во системот на кривичната правда и имаат големи надлежности и одговорности.[19] Обвинителите се од клучна важност за владеењето на правото и заштитата на човековите права. Кога одлучуваат дали и за што ќе се поднесе обвинение, обвинителите мораат да ги земат предвид доказите со кои се квалификува сериозноста на кривичното дело. Идентификувањето и собирањето докази за мотивот на пристрасност е од клучно значење при донесувањето на тие одлуки, а пропустот да се постапи по таквите докази е утврдено дека е спротивно на стандардите за човекови права.[20] На пример, во случајот *Lakatošová and Lakatoš v. Slovakia*, Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) утврди дека должност на обвинителот е да даде насоки за собирање докази за мотивот на пристрасност и да обезбеди соодветна правна квалификација. Неуспехот да го стори тоа, заклучи ЕСЧП, претставува прекршување на член 2 во врска со член 14 од ЕКЧП.[21] Понатаму, Комитетот за елиминација на расната дискриминација утврди

19 Статусот и улогата на обвинителите, Водич на Канцеларијата за дрога и криминал на Обединетите нации и Меѓународното здружение на обвинители, УНОДЦ, Њујорк, 2014.

20 *Nachova and Others v. Bulgaria*, апликации бр. 43577/98 и 43579/98, Европски суд за човекови права (ЕСЧП), 6 јули 2005, §§ 160 et seq.; Разоткривање на мотивот од пристрасност во кривичните дела: избрани предмети на Европскиот суд за човекови права, ФРА, 27 ноември 2018.

21 *Lakatošová and Lakatoš v. Slovakia*, апликации бр. 655/16, ЕСЧП, 11 декември 2018.

дека кривичната казна во која не е содржано експлицитно разгледување на мотивот за пристрасност на обвинетиот значи повреда на правото на ефективна заштита и правни лекови против дискриминација.[22]

Обвинителите, исто така, имаат клучна улога за координација со полицијата во насока на спроведување ефикасна истрага и поддршка на судовите да го земат предвид карактерот на делото и факторите, како што е и мотивот на пристрасност, што може да ја заостри казната. Во однос на жртвите, обвинителите имаат суштинска улога во идентификувањето на нивните потреби што се должат на тоа дека тие се мета на омраза или непријателство, како што се емоционална, психолошка или практична поддршка и посебни прилагодувања во однос на нивниот пристап до правото да учествуваат.

За ефективно гонење на кривичните дела од омраза и криминализираниот „говор на омраза“ потребно е темелно познавање на националните закони и конзистентност во соодветната квалификација на кривичните дела од омраза. Концепциското разбирање на криминализиран „говор на омраза“ и кривични дела од омраза ја зајакнува и се зајакнува преку конзистентност во давањето одговор на национално ниво. Поради положбата што ја имаат во кривичноправниот процес, односно во фазите помеѓу истрагата и донесувањето судска одлука, обвинителите може да имаат одлучувачка улога за да се обезбеди конзистентност преку обезбедување информации во истрагата, како и преку правилен избор и, каде што е потребно, преквалификација на обвиненијата. Овој пристап, исто така, значи и нагласување на важноста да се дава сеопфатен одговор на кривичните дела од омраза на национално ниво и ја поддржува концепциската кохерентност и синергија на ниво на меѓународна соработка.

Одредбите за криминализиран „говор на омраза“ може погрешно да се применат за постапување по предмети со кривични дела од омраза каде што националното законодавство за кривични дела од омраза е нецелосно или релативно слабо, и на пример, постои само општа одредба за заострување на казната од аспект на препознавање на мотивот на пристрасност, одредбите се нејасно формулирани или се вклучени само ограничен број на заштитени карактеристики. Кај неколку земји учеснички на ОБСЕ постојат значителни недостатоци во одредбите за кривични дела од омраза, а тоа го намалува опсегот на алатки што му се достапни на обвинителот при постапување по предмети со кривични дела од омраза.[23] Одредени одредби, како што се општите одредби за заострување на казните,[24] обвинителите

22 *Belemvire v. Republic of Moldova*, CERD/C/94/D/57/2015, Комитет за елиминација на расната дискриминација, 26 октомври 2018, §§ 7.3–8.

23 На пример, во циклусот извештаи за кривични дела од омраза на ОДИХР за 2022, за десет држави беа дадени клучни согледувања во однос на подобрување на нивните закони за кривични дела од омраза

24 Општо заострување на казната е одредба за одмерување казна која се применува за сите кривични дела во кои составен елемент не е пристрасноста. Види Дел 2.1.3 од овој водич.

може да ги пропуштат бидејќи не знаат за нив или можеби не знаат како и кога да се повикаат на нив, или затоа што немаат знаење и вештини да докажат пред судот каква е примената на овие одредби во конкретниот предмет. Судиите, исто така, може да не се запознаени со постоењето на важечки одредби за заострување на казните и затоа може да не ги применат во таквите предмети. Во таков контекст, одредбите за криминализиран „говор на омраза“ кои претставуваат засебни кривични дела, како што се поттикнување омраза или кривични дела поврзани со насилство, се значително „повидливи“ и достапни за обвинителите и судиите, и затоа е поверојатно да се применат.

Сепак, пропустот во правилната примена на законот значи неуспех да се спроведе конкретната намера на националните законодавци за криминализација на конкретни кривични дела. Различни групи на кривични одредби имаат за цел да заштитат различни права, интереси или вредности, кои се отсликани во елементите на кривичното дело што треба да се докаже. На пример, со делото на поттикнување насилство кон заштитена група, намерата е да заштитат одредени делови од општеството од насилство и да се спречи ескалација до поголемо нарушување на јавниот ред, па дури и потенцијални дела на геноцид. Наспроти тоа, со делото напад мотивиран на основ на раса, целта е да се заштити физичкиот интегритет на жртвата која и понатаму и на уникатен начин е оштетена од мотивот на пристрасност.

За правилна квалификација и казнување на едно кривично дело потребно е внимателно да се разгледа која била намерата на законодавниот дом при усвојувањето на кривичните одредби. Кога намерата на законодавците и правната практика не се во дослух, тоа може да ја поткопа целта на санкционирањето, кое треба да одговара на сериозноста на кривичното дело на сторителот. При изборот на погрешна квалификација, на пример, со покренување обвинение за поттикнување омраза или насилство, наместо правилна квалификација како кривично дело од омраза, обвинителите може да наидат на тешкотии во докажувањето на потребните елементи на кривичното дело, што може да резултира со ослободителна пресуда по сите обвиненија. Ако несоодветното обвинение ја помине и судската контрола, така се воспоставува судска пракса која се заснова на фактички описи кои не одговараат на елементите на наводите за кривично дело. Така се доведува во прашање законитоста и правичноста на постапката, со импликации врз довербата во кривичноправниот систем во целина.

Жртвите може да имаат различни искуства, од кривични дела од омраза до кривични дела „говор на омраза“, зависно од тоа како се криминализирани во националниот закон. Квалификацијата на кривичните дела од омраза како „говор на омраза“ може да влијае врз улогата на жртвата во кривичната постапка, и во одредени случаи жртвата да биде оставена без поддршка или пристап до правото да учествува.

ПОСЛЕДИЦИ ОД ПОГРЕШНА КВАЛИФИКАЦИЈА НА КРИВИЧНО ДЕЛО ОД ОМРАЗА

ПОГРЕШНА КВАЛИФИКАЦИЈА

Пропуст да се спроведе конкретната намера на законодавниот дом за криминализирање на одредени кривични дела

Се поткопува правната сигурност за обвинетите

Се нарушува пристапот до правата на жртвите да учествуваат во кривичната постапка

Ризици да се ограничи пристапот до специјализирана поддршка и заштита на жртвите

Доведува до погрешна оценка за карактерот и степенот на кривичните дела од омраза

Доведува до погрешни информации за политиките и правниот одговор

ПРАВИЛНА КВАЛИФИКАЦИЈА

Обезбедува **правна сигурност** за обвинетите

Го зголемува пристапот до правата на жртвите да учествуваат во кривичната постапка и до специјализирана поддршка и нивна заштита

Ја зголемува видливоста на кривичните дела од омраза во полициската евиденција, официјалната кривична статистика, националните политики и меѓународните податоци, како што е годишниот извештај за кривични дела од омраза на ОДИХР

Обезбедува информации за ефективен стратешки одговор од страна на државните органи, вклучително и обвинителските служби

Ја зголемува видливоста на сеопфатниот одговор на кривичните дела од омраза на национално ниво и концепциската кохерентност и синергии на меѓународно ниво.

Поради неправилната квалификација на кривичните дела, податоците во истрагата и гонењето можат да создадат погрешна претстава за карактерот и степенот на кривичното дело од омраза, што потоа доведува до погрешни политики и правен одговор. Спротивно на тоа, правилната квалификација на кривичните дела од омраза од страна на обвинителите оди во прилог на зголемената видливост на кривичните дела од омраза во статистиката, политиките и полициската евиденција, како и во податоците на ОДИХР за пријавување на овие кривични дела[25] и подобрен стратешки одговор од страна на државните органи, особено од обвинителските служби.

25 ОБСЕ/ОДИХР Извештај за кривични дела од омраза веб-страница.

КАКО ДА СЕ КОРИСТИ ОВОЈ ВОДИЧ

Овој водич е првенствено наменет за обвинителите. Водичот претставува надополнување на постојните упатства на ОДИХР за постапување по кривични дела од омраза[26] и посочува на клучните разлики помеѓу кривичните дела од омраза и криминализираниот „говор на омраза“, со фокус на кривичните дела на поттикнување насилство или омраза.

Водичот, исто така, ќе биде корисен за носителите на одлуки, вклучувајќи ги и креаторите на политики и законодавците, за да им помогне да ја оценат ефективноста на тековната политика, пракса и законодавство и да одлучат дали се потребни посебни национални оперативни насоки за обвинителите. Водичот, исто така, треба да им помогне на граѓанските организации во нивните активности за застапување.

Поглавјето 1 се осврнува на правните и **концепциските разлики помеѓу кривичните дела од омраза и криминализираниот „говор на омраза“**, во контекст на меѓународните стандарди, со фокус на „поттикнување дискриминација, непријателство или насилство“ како што е дефинирано во член 20 од МПГПП[27] и импликациите врз стратегиите за гонење.

Поглавјето 2 дава **преглед на општите законски одредби за кривичните дела од омраза и криминализираниот „говор на омраза“** преку примери.

Поглавјето 3 се осврнува на **стеблото на одлуки за обвинителот**, каде што е покажано како треба да се применат одредбите за кривични дела од омраза и како тие се разликуваат од криминализираниот „говор на омраза“; како и на мапирањето на други релевантни кривични дела кои се на пресекот на кривичните дела од омраза и криминализираниот „говор на омраза“.

Поглавјето 4 содржи **студии на случај за илустрација на оваа комплексна област во обвинителската пракса.** Овие примери се извлечени од различни национални контексти низ регионот на ОБСЕ и ги опфаќаат практиките на примена на одредбите за „говор на омраза“ за гонење на кривични дела од омраза (вклучително и во контексти каде што не постојат важечки закони за кривични дела од омраза) и погрешна квалификација на сериозноста на кривичните дела од омраза. Ова поглавје, исто така, ги разгледува случаите кога има вкрстување на кривичните дела од омраза со криминализираниот „говор на омраза“.

26 Постапување по кривични дела од омраза, Практичен водич, ОБСЕ/ОДИХР, 29 септември 2014.
27 ООН, МПГПП.

Поглавјето 5 се однесува на пристапот до правда и импликациите за поддршка на жртвите, особено, **правото на ефективна истрага** и пристап до правата за учество и поддршка.

Во Поглавјето 6 се разгледува важноста на **точно евидентирање на обвиненијата за кривични дела од омраза** и се разгледуваат пошироките импликации за политиките и можностите за подобрување на гонењето и односите со заедниците во оваа област.

Поглавјето 7 **содржи препораки** и како тие да се спроведат на национално ниво.

1. Кривични дела од омраза и криминализиран „говор на омраза“: концепциски разлики

Ова поглавје ги дефинира кривичните дела од омраза и криминализираниот „говор на омраза“ врз основа на меѓународните стандарди. Во него се наведени практичните импликации за обвинителите што произлегуваат од разликите помеѓу двата концепта и зошто е потребно да се примени различен институционален одговор, вклучително и во пристапите за обука и градење капацитети.

1.1. КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА

Кривичните дела од омраза секогаш се состојат од два елемента: кривично дело и мотивираност од пристрасност. Првиот елемент е кривичното дело: делото мора да биде предвидено како кривично дело според кривичниот закон.[28] Упатството на ОДИХР упатува на ова кривично дело како „основно кривично дело“.[29] Поради тоа што постојат разлики во законските одредби од една до друга земја, постои одредено разидување во однос на типот на однесување што се смета за кривично дело. Сепак, повеќето земји генерално ги криминализираат истите видови насилни дела. Речиси секое кривично дело содржано во кривичниот законик може да биде кривично дело од омраза; не постои кривично дело од омраза без основното кривично дело.

Вториот елемент е мотивираноста: кривичното дело мора да биде извршено со одреден мотив, на којшто се упатува како „пристрасност“ во упатството на ОДИХР.[30] Мотивираноста се манифестира или преку изборот на метата или преку непријателство искажано *кога се извршува* кривичното дело. За да се квалификува како кривично дело од омраза, мета на тоа кривично дело треба да бидат еден или повеќе припадници, или луѓето или имотот кои се поврзуваат со група која споделува одредена заедничка карактеристика.

28 Многу земји прават разлика помеѓу кривични дела и помалку сериозни прекршувања на законот, како што се „прекршоци“, иако тие се опишани на различни начини. Во упатствата на ОДИХР, „кривични дела“ се однесува на сите одредби од кривичниот законик, и затоа управните прекршоци се исклучени.

29 За други примери за модел на дискриминаторски избор на закони за кривични дела од омраза, види ОБСЕ/ОДИХР, Постапување по криминал од омраза, Дел 3

30 Ibid., стр. 15. Види исто, ЕУ Европски совет, Рамковна одлука 2008/913/ЈНА, член 4.

Тие карактеристики се нарекуваат заштитени карактеристики. Заштитена карактеристика е карактеристика што ја споделува одредена група, како што се „раса“, боја, јазик, религија или верување, националност, национално или етничко потекло, возраст, попреченост, пол, родов идентитет и сексуална ориентација или друга заедничка карактеристика која има основно значење за нивниот идентитет. Вообичаено, во кривичните дела од омраза има директна жртва.[31]

1.2. КРИМИНАЛИЗИРАН „ГОВОР НА ОМРАЗА“

Член 20, став 2 од МПГПП истакнува дека „секое застапување на национална, расна или верска омраза што претставува поттикнување дискриминација, непријателство или насилство е забрането со закон.“[32] Овој стандард, опишан како „поттикнувачки и говор“[33] е содржан и во член 4(а) од ИЦЕРД, член 1 од Рамковната одлука на ЕУ и двата стандарда на Комитетот на министри на Советот на Европа: Препораката за борба против „говорот на омраза“ и Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за компјутерски криминал, што се однесува на криминализација на дела од расистичка и ксенофобична природа извршени преку компјутерски системи.[34] (Види Анекс за текстот). Рамковната одлука на ЕУ дополнително ги упатува земјите членки да обезбедат дека јавното ширење или дистрибуција на трактати, слики или друг материјал што поттикнува омраза или насилство, како и оправдување, негирање и груба тривијализација на меѓународните злосторства на геноцид, злосторства против човечноста и воени злосторства се криминализира „кога однесувањето е такво што веројатно ќе поттикне насилство или омраза против таква група или член на таква група“.[35]

Обвинителите од повеќе земји ќе увидат дека во националниот кривичен законик се содржани дополнителни криминализирани одредби за „говор на омраза“, како што се клевета насочена кон поединци или групи кои споделуваат заштитена карактеристика и навреди мотивирани од пристрасност, како и кривични дела за ширење материјали поврзани со омраза и кривични дела за негирање и тривијализација за кои не се бара услов дека тие најверојатно ќе поттикнат насилство или омраза. Овие одредби и нивната примена се понатаму мапирани во делот 2.2 и во студиите на случај подолу во водичот.

31 ОБСЕ/ОДИХР, Постапување по криминал од омраза, стр. 1.
32 ОН, МПГПП
33 Преглед на една страна „поттикнување на омраза“, OHCHR, (нема датум)
34 Види Анекс 1 за релевантни извадоци од овие стандарди. ОН ИЦЕРД, ЕУ Европски совет, Рамковна одлука 2008/913/ЈНА; Препорака за борба против говор на омраза; Дополнителен протокол на Конвенцијата за компјутерски криминал, во врска со криминализација на дела со расистички и ксенофобичен карактер извршени преку компјутерски системи, Совет на Европа, 28 јануари 2003.
35 ЕУ Европски совет, Рамковна одлука 2008/913/ЈНА.

Исто така, важно е да се напомене дека „говорот на омраза“ кој не го достигнува прагот за кривично дело може да биде многу штетен за жртвите, може да создаде и потхранува непријателска средина за маргинализираните заедници, и може да ги загрози мирот и безбедноста во општеството. Јасна и робусна рамка на управни и граѓански правни лекови е од клучна важност за борбата против овие штетни ефекти и обезбедување на правна заштита за жртвите. Подетална разработка на овие аспекти е дадена подолу во другите делови.

Во оваа публикација не се даваат насоки за постапување по криминализираниот „говор на омраза“; ниту се прифаќа криминализацијата на изразувањето омраза вон рамките на она што е дефинирано со член 20(2) од МПГПП. Постојат огромни разлики на национално ниво во пристапите за криминализација на говорот, и истите не се секогаш усогласени со меѓународните стандарди. Една неодамнешна студија за законите за клевета и навреда во регионот на ОБСЕ покажа дека „кривичните закони за клевета и понатаму до одреден степен редовно се применуваат низ целиот регион на ОБСЕ, вклучително и против медиумите“.[36] Исто така, важно е да се истакне загриженоста, на пример, изразена од специјалниот известувач на Обединетите нации за слобода на религија или верување, за нејасното формулирање на некои домашни законски одредби кои се наменети за борба против поттикнување омраза, раздор и нетолеранција.[37]

Во овој дел се разгледуваат клучните разлики во однос на концептот и праксата за кривичните дела од омраза и „поттикнувачкиот говор“ поради две причини. Прво, меѓународните стандарди се усогласени во барањето или препораката за криминализација на говорот што поттикнува омраза или насилство. Тоа не е случај со другите најчесто криминализирани форми на „говор на омраза“ каде не се бара поттикнувањето омраза или насилство како услов, а кои се опфатени во националните кривични законици. Тие опфаќаат кривични дела како што се клевета, јавно ширење на материјали со омраза, и оправдување, негирање и грубо тривијализирање на меѓународните злосторства на геноцид, злосторства против човечноста и воени злосторства. Второ, токму во однос на ваквиот пресек, ОДИХР утврди дека обвинителите најверојатно погрешно ќе ги применат одредбите за поттикнување омраза или насилство во гонењето кривични дела од омраза.

36 Scott Griffen, Закони за клевета и навреда во регионот на ОБСЕ: Компаративна студија, OSCE RFOM, март 2017, стр. 5.

37 Види, на пример, Извештај на Специјалниот известувач на Обединетите нации за слобода на религија и верување за Република Северна Македонија каде Специјалниот известувач нотира дека член 319 од националниот кривичен законик наводно бил злоупотребен против одреден верски лидер. Види A/HRC/13/40/Add.2, параг. 47.

1.3. ПРАКТИЧНИ ИМПЛИКАЦИИ

Графиконот подолу ги прикажува важните разлики помеѓу кривичните дела од омраза и делата на поттикнување насилство или омраза, или „поттикнувачки говор“, од гледна точка на практичарите.

Вообичаено, појдовна основа за кривично дело од омраза е дека е утврдено, преку целосна истрага и собрани докази, дека е извршено основно кривично дело, како што се закана, напад, убиство или оштетување на имот. Клучното техничко прашање, но и предизвик, е да се докаже дека делото било мотивирано од пристрасност.

Вообичаената појдовна основа за кривичните дела „поттикнувачки говор“ е дека во содржината на изразувањето има јасно присуство на пристрасност или омраза кон заштитена карактеристика. Техничкото прашање за обвинителите е дали имало кривично дело, или со други зборови, дали изразот на омраза ја надминува заштитата на слободата на изразување, што претставува темел на демократските општества, и го поминува прагот за кривично дело.


КОНЦЕПЦИСКИ ПРАШАЊА НА ПРЕСЕКОТ МЕЃУ КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ОД ОМРАЗА И „ПОТТИКНУВАЧКИ ГОВОР“

КРИВИЧНО ДЕЛО ОД ОМРАЗА		„ПОТТИКНУВАЧКИ ГОВОР“	
? ДОКАЗИ ЗА ПРИСТРАСНОСТ	КРИВИЧНО ДЕЛО	ДОКАЗИ ЗА ПРИСТРАСНОСТ	? КРИВИЧНО ДЕЛО
Основен предизвик во пракса: Да се докаже мотивираност од пристрасност		**Основен предизвик во пракса:** Да се утврди дали говорот/изразот е опфатен со заштитата на слободата на изразување и дали е законит, или не е заштитен и затоа е кривичен	
Конкретна мета: Мета се одредени луѓе или имот што се поврзува со одредена заедница/поединец кој е припадник на таа заедница (нанесената штета може да биде подалекусежна)		**Јавен карактер:** Има за цел да ги мобилизира/поттикне другите на омраза или насилство кон одредена група/лице врз основа на заштитена карактеристика	
Основно кривично дело: Обвинителите треба да ги докажат елементите на основното кривично дело (на пр.: напад, кражба, закана, итн.).		**Кривично дело во зачетна форма:** Обвинителите треба да ја докажат разумната веројатност дека говорот или изразувањето ќе доведат до поттикнување насилство или омраза дури и кога делото(-та) никогаш не се извршени.	

Една од причините зошто може да постои конфузност кај обвинителите за тоа дали инцидентот да се разгледува како дело на криминализиран „говор на омраза“ или кривично дело од омраза е кога **говорот или изразувањето сами по себе се всушност доказ за мотивираност од пристрасност или дискриминаторски мотив**. На пример, кога сторителот изговара расистички навреди пред, за време или откако физички ќе ја нападне жртвата. Ова е дополнително образложено во студиите на случај.

Не само што слободата на изразување со право се смета за основно право кое треба да биде заштитено во секоја здрава демократија, туку **дополнителен предизвик е кога потенцијални сторители се политичари или**

други поединци од висок ранг.[38] Обвинителите треба да бидат обучени и запознаени со релевантната меѓународна и национална судска пракса, како и со судската пракса на ЕСЧП и механизмите за човекови права на Обединетите нации, кога тоа е применливо. Други технички предизвици се однесуваат на тоа дали доказите може да се обезбедат, особено во врска со делата извршени во онлајн просторот и/или дали е потребна прекугранична примена или соработка.



Насоките на ОДИХР за креирање политики за слобода на вероисповед или верување и безбедноста[39] **ги охрабруваат државите да ги обучат органите за спроведување на законот и правосудните органи да го разберат и применат тестот од шест дела утврден во Акцискиот план од Рабат**,[40] со цел да се утврди дали е исполнет прагот на поттикнување насилство или омраза. При утврдување на ова прашање во случаи на дела на „поттикнувачки говор“, тестот од шест дела им дава насоки на обвинителите да го одредат: (1) контекстот на изјавата/изразот, (2) положбата или статусот на говорникот, (3) намерата да се поттикнат луѓе против целната група, (4) содржината и формата на изјавата или изразот, (5) опсегот на ширењето и (6) веројатноста за штета, вклучувајќи ја и неизбежноста.

38 Ibid., прилог, параг. 36: „Политичките и верските лидери треба да се воздржуваат од користење пораки на нетолеранција или изрази што може да поттикнат насилство, непријателство или дискриминација; но, тие исто така имаат клучна улога силно и веднаш да проговорат против дискриминација, дискриминаторско стереотипизирање и примери на говор на омраза. Треба да се стави на знаење дека никогаш нема да се толерира насилство како одговор на поттикнување на омраза.” Види исто Декларација од Бејрут и 18-те заложби за „Верба за правата“, A/HRC/40/58, Анекси I и II.

39 Насоки за креирање политики за слобода на вероисповед или верување и безбедноста, ОБСЕ/ОДИХР, 9 септември 2019; види исто ОХЦХР, Преглед на една страна „поттикнување на омраза“; Појаснувачки меморандум на CM/Rec (2022)16 за борба против говорот на омраза , Совет на Европа, § 32; Листа на факти – Говор на омраза, ЕСЧП, ноември 2023.

40 Акциски план од Рабат, 4 октомври 2012, UN OHCHR, A/HRC/22/17/Add.4.

РАЗЛИЧНИ ДЕФИНИЦИИ ЗА „ОМРАЗА“



„ПОТТИКНУВАЧКИ ГОВОР“

Член 20 од МПГПП ги дефинира „омразата“ и „непријателството“ како **„интензивни и нерационални емоции на осуда, непријателство и одвратност кон целна група“.**

КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА

Упатства на ОБСЕ: „Во многу предмети за кривични дела од омраза, сторителот **ниту чувствува „омраза“ кон метата**, ниту е поттикнат од сопственото искуство со жртвата. Наместо тоа, сторителот е мотивиран од стереотипи, однапред замислени идеи или нетолеранција кон одредена група на луѓе или заштитена карактеристика(-и) кои тие ги споделуваат.“

Различни дефиниции за омраза се користат за да се дефинираат кривичните дела од омраза, споредено со делата на „поттикнувачки говор“ како што е прикажано на графиконот подолу.

Онаму каде што се содржани термините „омраза“ или „непријателство“ во националните закони за кривични дела од омраза, судот е тој кој конечно одлучува за нивното значење. Сепак, со оглед на потребата за робусна заштита на слободата на говорот кога се криминализира изразувањето омраза, значењето на „омраза“ или „непријателство“ обично ќе значи повисок степен на сериозност во однос на „поттикнувачки говор“ споредено со кривичните дела од омраза. На пример, во Упатствата на ОБСЕ се објаснува: „Во многу случаи на кривични дела од омраза, сторителот ниту чувствува „омраза“ кон нивната мета, ниту се води од своето искуство со жртвата. Наместо тоа, сторителот е мотивиран од стереотипи, однапред замислени идеи или нетолеранција кон одредена група луѓе и заштитената карактеристика(-и) кои тие ги споделуваат.“[41] Наспроти тоа, Упатствата на Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права на Обединетите нации (ОХЦХР) во врска со членот 20 од МПГПП, „омразата“ и „непријател-

41 ОБСЕ/ОДИХР, Закони за кривични дела на омраза

ството“ ги дефинираат како „интензивни и ирационални емоции на осуда, непријателство и одвратност кон целната група“.[42]

Разлики во дефинирањето на „омраза“ во кривичните дела од омраза и делата на „ поттикнувачки говор“, исто така, се присутни во националните кривични закони кои го користат и моделот на „дискриминаторска селекција“ и моделот на „непријателство (animus)“ за законот за кривични дела од омраза.

Примери за различни дефиниции на „омраза“[43] во одредбите на националните кривични закони[44]

Во Кривичниот законик на Словенија може да се забележат различни дефиниции за „омраза“[45] каде во одредбата за кривично дело од омраза, наведена под општо заострување на казната, се бара да се докаже „тенденција“ да се изврши кривичното дело на основ на заштитена карактеристика.

> **Член 49: Општи правила за одмерување на казните**
> „[...] (3) ако **тенденцијата да се изврши кривичното дело**[46] била заснована на националноста, расата, религијата или етничкото потекло, родот, бојата на кожата, финансиската состојба, образованието, општествената положба, политичкото или друго верување, попреченоста, сексуалната ориентација или друга лична околност, тоа се зема предвид како отежнувачка околност.“

Спротивно на тоа, според одредбата за поттикнување омраза во Словенија, потребно е „омразата“ итн., да е „јавно“ поттикнувана и прагот за омраза е повисок.

42 ОХЦХР, Преглед на една страна „поттикнување на омраза”; Принципи од Камден за слобода на изразување и еднаквост, ARTICLE 19, април 2009, Принцип 12.1 (i).
43 За други примери за модел на „дискриминаторски избор“ на Закон за кривични дела од омраза, види Поглавје 2; Обединето Кралство: Дел 29 од Законот за кривични дела и неред 1998, Потежок обид на напад на расна или верска основа; Кралска обвинителска служба, Расистички и верски кривични дела од омраза – Упатства за кривично гонење, 2022.
44 Сите упатувања на кривичните законици во ова поглавје се однесуваат на кривичните законици кои се во сила на денот на објавување на овој водич.
45 Кривичен законик на Словенија, (на словенечки, неофицијален превод на англиски јазик).
46 Користењето на задебелени и затемнети букви овде и во сите други цитати во водичот е додадено од страна на ОДИХР и не претставува составен дел на оригиналните текстови

Член 297: Јавно поттикнување омраза, насилство или нетолеранција

(1) Оној кој јавно поттикнува или предизвикува омраза, насилство или нетолеранција во врска со националноста, расата, религијата, етничката припадност, полот, бојата на кожата, потеклото, финансиската состојба, образованието, општествената положба, политичките или други уверувања, попреченоста, сексуалната ориентација или која било друга лична околност и го извршува делото на начин што може да го загрози или наруши јавниот ред и мир, или користи закани, вербална злоупотреба или навреди, ќе се казни со затвор до две години.

Северна Македонија, исто така, го користи моделот на „дискриминаторска селекција“ во своето законодавство за кривични дела од омраза, како што е утврдено во член 122 став (42) од нејзиниот Кривичен законик.[47]

„Како дело од омраза изречно предвидено со одредбите од овој Законик, се смета кривично дело против физичко или правно лице и со нив поврзани лица или имот **кое е сторено во целост или делумно поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика или поврзаност на лицето** што се однесува на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување.“

Постојат, се разбира, различни пристапи низ регионот. Некои земји усвоија модел на „непријателство“ или „анимус“ при изготвувањето на своето законодавство за кривични дела од омраза, барајќи докази за непријателство за да се докажат кривичните дела од омраза. На пример, кога се гони кривично дело од омраза во Англија и Велс, обвинителите треба да докажат дека делото било мотивирано или од непријателство кон заштитена карактеристика или дека непријателство било покажано пред, за време или веднаш по извршувањето на делото. Сепак, дури и во однос на овој правен модел, важно е да се напомене дека насоките за обвинителството во однос на значењето на „непријателство“ подразбираат низок праг за терминот, објаснувајќи го тоа на следниот начин: „Непријателството не е дефинирано во законот. Треба да се земат предвид обичните дефиниции од речникот, во кои се вклучени и злонамерност, анимозитет, злоба, предрасуди, непријателство, антагонизам, огорченост и недопаѓање.“[48]

47 Кривичен законик на Северна Македонија, (на македонски, неофицијален превод на англиски јазик).

48 Кралска обвинителска служба, Расистички и верски кривични дела од омраза – Упатства за кривично гонење, 2022. За други примери за модел на „дискриминаторски избор“ на закон за кривични дела од омраза, види Дел 3 од овој водич

Друга клучна разлика се однесува на **елементот на јавност во „поттикнувачкиот говор“ во споредба со кривичните дела од омраза, каде мета е одредена личност, група луѓе или имот**. Во примерот на расистички напад, индивидуалната жртва е директна мета на пораката на омраза, додека групата што ја „претставува“ е индиректна жртва. Спротивно на тоа, „поттикнувачкиот говор“ има за цел да ги мобилизира или поттикне другите против одредена група, со што потенцијално влијае врз поширокатa заедница на која припаѓа групата.[49] Поради природата на кривичните дела од омраза во кои има мета, вклучени се и **конкретни аспекти поврзани со поддршката на жртвите**.

Исто така, треба да се земе предвид намерата на законодавниот дом кога биле подготвени законите за кривични дела од омраза и „говор на омраза“, **бидејќи објектот на заштита во законот е различен за кривични дела од омраза и „поттикнувачки говор“**. Ова прашање, заедно со разгледувањето на општите правни принципи, вклучувајќи ја законитоста и пропорционалноста, е важно при изборот на точната правна квалификација за кривично дело. На пример, кога се разгледува дали некое дело спаѓа во рамките на кривичните дела од омраза, обвинителите ќе разгледаат дали сторителот имал намера да повреди поединец(-нци), да се закани по нивниот живот или да го оштети нивниот имот, со дополнителна штета од дискриминаторскиот мотив. Кога се разгледува дали некое дело спаѓа во рамките на поттикнување, обвинителите ќе разгледаат дали сторителот имал за цел јавно да поттикне насилство или омраза кон одредени групи или поединци кои споделуваат заштитена карактеристика.

Сепак, исто така е важно да се препознае дека одредбите за „поттикнувачки говор“ и другите одредби за „говор на омраза“ со кои се криминализира однесувањето кое не спаѓа во рамките на предвиденото со меѓународните стандарди, може да се најдат во истите поглавја од кривичниот законик.[50] Тоа е така бидејќи законодавците ги разбираат како јавно изразување идеите кои се длабоко навредливи и штетни за дел од населението на начин кој може да придонесе за зголемена омраза и насилство и да го загрози општествениот мир и безбедност, дури и кога тие не се поврзани со јасна провокација или изрази на поттикнување. Кога ќе се разгледа опсегот на кривични дела од омраза и „говор на омраза“ во националните кривични законици, произлегува дека законодавците ги разбираат како поврзани алатки во целокупниот одговор за спречување на групно насилство, социјален раздор и дела кои ја поткопуваат социјалната инклузија и кохезија.

49 Овие клучни карактеристики на „поттикнувачки говор“ и пристапите за негова криминализација, истрага и гонење се сеопфатно разработени во упатствата на ОДИХР и тестот од шест дела од Акцискиот план од Рабат, кои исто така се потпираат на пресуди на ЕСЧП.

50 Види Дел 2.2.2 од овој водич.

Примери за разликување на кривичните дела од омраза и криминализираниот „говор на омраза“ во националните кривични закони

Во Кривичниот законик на Република Чешка,[51] вклучени се три одделни одредби кои се однесуваат на „насилство врз група“ (кривично дело од омраза) (член 352), „клевети упатени кон група“ (криминализиран говор на омраза) (член 355) и „поттикнување омраза“ (криминализиран поттикнувачки говор) (член 356), под истото поглавје „Кривични дела кои го нарушуваат соживотот“.

Кога различни форми на „говор на омраза“ се опфатени во истиот член од кривичниот законик, може да биде тешко точно да се квалификува однесувањето вклучено во одреден инцидент. За обвинителите од клучна важност е внимателно да го разгледаат однесувањето и да се стремат да ја одберат најсоодветната кривична одредба, имајќи ја предвид намерата на законодавниот дом во врска со објектот на заштита во контекст на меѓународните стандарди.

Конечно, **„поттикнувачкиот говор“ е дело во зачетна форма**, и тука е потребно да се примени посебна стратегија во постапувањето.

Како што е објаснето во упатството изготвено од Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права на Обединетите нации (ОХЦХР),

> „Поттикнувањето, по дефиниција, е кривично дело во зачеток. Дејствието кое се застапува преку „поттикнувачки говор“ не мора да биде извршено за да споменатиот говор претставува кривично дело. Сепак, мора да се идентификува одреден степен на ризик од нанесување штета. **Тоа значи дека судовите ќе мора да утврдат дека постоела разумна веројатност дека говорот би поттикнал вистинско дејствување против целната група, признавајќи дека таквата причинско-последична врска треба да биде прилично директна.“[52]**

51 Република Чешка, Zákon trestní zákoník [Кривичен законик], (на чешки, неофицијален превод).
52 ОХЦХР, Преглед на една страна за „поттикнување омраза”.

2. Законски одредби за кривични дела од омраза и криминализиран „говор на омраза“

Ова поглавје е составено од три дела. Во првиот дел се појаснуваат клучните елементи во гонењето кривични дела од омраза и соодветниот тип на законски одредби, преку дадени примери. Вториот дел дава преглед на двата главни типа на одредби за криминализиран „говор на омраза“: „поттикнувачки говор“ и други форми на криминализиран „говор на омраза“. Во третиот дел се разгледуваат делата кои се на границата на кривичните дела од омраза и криминализираниот „говор на омраза“.

2.1. ГОНЕЊЕ КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА

Обвинителите треба да ги познаваат одредбите на националните закони кои го поддржуваат гонењето според **двата** елемента на кривично дело од омраза: 1) докажување на основното кривично дело и 2) докажување на мотивираноста од пристрасност. Не може доволно да се нагласи колку е голема улогата на обвинителот за да ја поттикне полицијата да ги открие сите достапни докази за мотивираноста од пристрасност уште од најраните фази на истрагата. Без докази за мотивираност од пристрасност, собрани преку индикаторите за пристрасност, шансите за успешно гонење се значително помали[53].

Постојат три главни форми на овие одредби: засебно кривично дело, посебно заострување на казната и општо заострување на казната. Важно е од самиот почеток да се напомене дека обвинителите имаат неколку важни должности кон потенцијалните жртви на кривични дела од омраза, особено во однос на утврдување и обезбедување соодветна заштита и поддршка. Тоа се разгледува во поглавјето 5 од овој водич и во други публикации на ОДИХР.[54]

53 Индикатори за пристрасност се „објективни факти, околности, или обрасци што се однесуваат на кривичното дело(-а), коишто, разгледани самостојно или во врска со други факти или околности, укажуваат дека постапките на сторителот биле мотивирани, во целост или делумно, од некаква форма на пристрасност.” За повеќе информации види Стебло на одлуки за обвинителот во Поглавје 3.

54 Види ресурси од EStAR проект Зајакнување на свеста и ресурсите за засегнатите страни за поддршка на жртвите на кривични дела од омраза, ОБСЕ/ОДИХР; види особено Жртви на кривични дела од омраза во кривично-правниот систем, Практичен водич, ОБСЕ/ОДИХР, 9 април 2022.

2.1.1 ЗАСЕБНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА

Засебните кривични дела се посебни кривични дела каде мотивираноста од пристрасност е содржана како составен елемент на правната дефиниција за тоа кривично дело. Тие се најмалку застапена форма на законска одредба за кривични дела од омраза во регионот на ОБСЕ. [55]

Пример за одредба за засебно кривично дело од омраза

Член 119 (1) од Кривичниот законик на Полска[56] гласи: „Оној кој користи насилство или упатува незаконити закани кон група луѓе или одредена личност **поради нивната национална, етничка, расна, политичка или верска припадност, или поради недостаток на верски убедувања**, ќе биде казнет со лишување од слобода во траење од три месеци до пет години.“

Во овој тип на законски одредби, првиот елемент за гонење кривично дело од омраза, односно, основното кривично дело („насилство“ или „незаконити закани“) и вториот елемент, мотивираноста од пристрасност („поради нивната национална, етничка, расна, политичка или верска припадност или поради недостаток на верско убедување“) се содржани во истата одредба. Од гледна точка на обвинителството, засебните кривични дела даваат неколку предности. Поверојатно е дека полицијата ќе биде запознаена со овие кривични дела и затоа ќе бара докази за пристрасност; на сторителот му е јасно за што точно е обвинет; и, ако се докаже, сторителот се прогласува за виновен за двата елемента на кривичното дело, и тоа овозможува транспарентност и за жртвите и за засегнатите заедници. Засебните кривични дела од омраза, исто така, многу полесно се идентификуваат во податоците за кривични дела и обвиненија, притоа овозможувајќи полесно да се следи процесот на кривичната правда.

2.1.2 ПОСЕБНО ЗАОСТРУВАЊЕ НА КАЗНАТА

Посебното заострување на казната е предвидено со одредба која се поврзува со одредени основни кривични дела. Тоа се обично сериозни кривични дела против личноста, како што се убиство или телесна повреда. Во кривичните законици, посебното заострување на казната честопати

55 ОБСЕ/ОДИХР, Закони за кривични дела од омраза
56 Кривичен законик на Полска, (на полски, неофицијален превод).

е наведено како посебен поддел на одредбите за основното кривично дело и предвидуваат изрекување на потешка казна, на пример, со директно зголемување на опсегот на изречената казна за извршено основно кривично дело со мотивираност од пристрасност.

Примери за одредба за посебно заострување на казната

Кривичен законик на Украина, член 115[57]

1. Убиство, односно намерно, незаконско предизвикување смрт на друго лице, ќе се казни со затвор од седум до петнаесет години.

2. Убиство:

(14) врз основа на расна, национална или верска нетрпеливост, ќе се казни со затвор од десет до петнаесет години или со доживотен затвор, како и конфискација на имотот во случајот предвиден со алинејата 6 од ставот 2 на овој член.

Првиот елемент за гонење на кривично дело од омраза, основното кривично дело „убиство“ е содржано во член 115(1), а вториот елемент, мотивот од пристрасност е содржан во квалификацискиот член 115(2).

Од гледна точка на обвинението, овој тип на законски одредби даваат одредена предност бидејќи одредбата лесно може да се најде и наликува на одредбите за засебните кривични дела од омраза со тоа што мотивираноста од пристрасност е составен елемент на кривичното дело. Обвинителот, исто така, треба да настојува да се осигура дека полицијата е свесна за потребата да се соберат докази за пристрасноста во поддршка на успешното гонење на кривични дела од омраза.

2.1.3 ОПШТО ЗАОСТРУВАЊЕ НА КАЗНАТА

Општо земено, општото заострување на казната важи за секое кривично дело од кривичниот законик каде пристрасноста не е веќе опфатена како еден од составните елементи.

57 Кривичен законик на Украина, (на украински, неофицијален превод).

Примери за одредби за општо заострување на казната

Член 22 [Отежнувачки околности] од Кривичниот законик на Шпанија[58]

За отежнувачки околности се сметаат:

(...)

(4) Извршено кривично дело поради расистичка, антисемитска, антиромска или каков било друг вид дискриминација поврзана со идеологијата, религијата или верувањата на жртвата, етничката група, расата или нацијата на која тој/таа припаѓа, неговиот/нејзиниот пол, возраст, сексуална или родова ориентација или идентитет, поради причини поврзани со родот, апорофобија[59] или социјална исклученост, болеста од која тој/таа страда или неговата/нејзината попреченост, без оглед на тоа дали таквите услови или околности се навистина присутни кај лицето врз кое е извршено делото (...).

Во овој тип на законски одредби, во зависност од видот на кривично дело (на пр., напад, кражба, убиство, сексуален напад итн.), првиот елемент за гонење кривично дело од омраза, односно, основното кривично дело, може да се најде во соодветниот дел од кривичниот законик. На пример, ако делото е расистички напад, првиот елемент за гонење кривично дело од омраза ќе биде одредбата што ги дефинира физичките напади во националниот кривичен законик. Вториот елемент, мотивираноста од пристрасност, е содржан во одредбата за општо заострување на казната, во овој случај, член 22 од Кривичниот законик на Шпанија.

Кога за казнување кривични дела од омраза се користат одредбите за општо заострување на казната, прашањето за мотивираноста од пристрасност обично се разгледува кога на сторителот му се одмерува казната. Или со други зборови, сторителот прво мора да биде прогласен за виновен за основното кривично дело, а потоа судот разгледува дали постојат доволно докази за пристрасност за да се примени заострување на казната. Во земјите со англосаксонско право, тоа се прави во фазата на изрекување на казната. Во земјите со континентално право, утврдувањето на вината и одмерувањето на казната не се одделни фази и судијата ќе ги разгледа доказите за мотивираноста што влијае на казната како дел од истиот процес.

58 Кривичен законик на Шпанија, (на шпански, неофицијален превод).
59 Апорофобија — негативни ставови и чувства кон сиромаштијата и сиромашните луѓе.

Постојат неколку ограничувања на одредбите за општо заострување на казните кои ја намалуваат нивната ефикасност како алатка што овозможува гонењето кривични дела од омраза да стане видливо и сторителите да бидат соодветно казнети. Прво, обвинителите мора да бидат запознаени со нивното постоење за да го привлечат и вниманието на судот кон тие одредби. Второ, за разлика од одредбите за посебно заострување на казната со кои се врши преквалификација и се зголемува сериозноста на основното кривично дело, одредбите за општо заострување на казната ја заостругаат казната на сторителот при изрекување на казната. Трето, правосилната судска пресуда може да не го содржи целосното образложение за изречената казна, бидејќи доказите за мотивираност од пристрасност се разгледуваат заедно со други отежнувачки и олеснителни фактори кои биле вклучени во предметот. Четврто, постои тенденција во судските податоци да се евидентираат судските пресуди според одредбата од кривичниот законик за кои сторителот е прогласен за виновен, притоа пропуштајќи да се опфатат и конкретни податоци за примената на одредбите за општо заострување на казната.

2.2. ЗАКОНСКИ ОДРЕДБИ ЗА КРИМИНАЛИЗИРАН „ГОВОР НА ОМРАЗА“

Во овој дел се дава преглед на два главни типа на одредби за криминализиран „говор на омраза“: „поттикнувачки говор“ и други форми на криминализиран „говор на омраза“. Намерата во овој дел не е да се даваат насоки за дефинирање или примена на одредби за криминализиран „говор на омраза“. Намерата е да им се помогне на обвинителите да идентификуваат и мапираат релевантни правни алатки на национално ниво за гонење на дела на криминализиран „говор на омраза“ во контекст на меѓународните стандарди, и да можат да ги разликуваат од одредбите за кривични дела од омраза.[60]

2.2.1 ДЕЛА НА „ПОТТИКНУВАЧКИ ГОВОР“

„Поттикнувачки говор“ е говор со кој јавно се поттикнува дискриминација, омраза, непријателство или насилство врз група луѓе или членови на група кои се дефинирани со низа заштитени карактеристики. Ова однесување е опфатено со голем број меѓународни стандарди објаснети во Дел 1.2 и наведени во Анексот.

60 Како што е појаснето погоре, оваа публикација не дава насоки за постапување по криминализиран „говор на омраза“, ниту пак ја одобрува криминализацијата на изразувањето омраза, вон рамките на дефинираното со член 20(2) од МПГПП.

Како што е објаснето во Дел 1.2, делата на „поттикнувачки говор“ генерално создаваат технички предизвици за обвинителите кои се различни од предизвиците поврзани со кривичните дела од омраза. Тука спаѓа докажувањето на кривично дело кое е во зачеток, утврдување дали говорот подлежи на заштита и утврдување дали со ова дело јавно се врши поттикнување. Овие технички аспекти се целосно опфатени со тестот составен од шест дела од Акцискиот план од Рабат[61] и Начелата од Камден.[62]

Пример за одредба за „поттикнувачки говор“

Член 1 [Поттикнување омраза, насилство и оштетување на имот] од Законот 927/1979 на Грција, изменет со Законите 1419/1984, 2910/2001 и 4285/2014 и 4491/2017[63]

1. Секој, кој јавно поттикнува, провоцира или предизвикува, усно или преку печатот, интернетот или кое било друго средство, дела на насилство или омраза против лице или група на лица или член на таква група дефинирана според раса, боја, религија, потекло или национално или етничко потекло, сексуална ориентација, родов идентитет, родова карактеристика или попреченост, на начин што го загрозува јавниот ред и го изложува на опасност животот, физичкиот интегритет и слободата на лицата дефинирани погоре, ќе се казни со затвор од три месеци до три години и парична казна од 5.000 до 20.000 евра.

2. Секој кој јавно поттикнува, провоцира или предизвикува, усно или преку печатот, интернетот или кое било друго средство, дела на уништување на имотот на лице или група на лица кои се дефинирани според раса, боја на кожа, религија, потекло или национално или етничко потекло, сексуална ориентација, родов идентитет, родова карактеристика или попреченост, на начин кој го загрозува јавниот ред и го изложува на опасност животот, физичкиот интегритет и слободата на лицата дефинирани погоре, ќе се казни со затвор од три месеци до три години и парична казна од 5.000 до 20.000 евра.

Важно е обвинителите да бидат свесни за големите разлики на национално ниво во тоа како кривичните дела на „поттикнувачки говор“ се применети

61 ОН ОХЦХР, Акциски план од Рабат
62 ARTICLE 19, Принципи од Камден за слобода на изразување и еднаквост; Види Анекс за повеќе детали.
63 Види Грција: Нов закон го криминализира негирањето на геноцид, говор на омраза и други дела на расизам, Библиотека на Конгресот, 24 септември 2014.

во националните кривични законици и како се постапува во фазите на истрагата и кривичната правда. На пример, во Акцискиот план од Рабат се истакнува „сеприсутна дихотомија“ каде што (1) сторителите на инциденти со коишто се исполнува прагот од член 20 од МПГПП „не се гонат и казнуваат“ и каде што (2) „прогонот на малцинствата под превезот на домашниот закон за поттикнување“ може да биде премногу нејасен.[64]

На пример, во извештајот на Советот за човекови права за 2009 година за поранешната југословенска Република Македонија,[65] Специјалниот известувач истакнува дека член 319 од Кривичниот законик[66], според нив, бил злоупотребен против одреден верски лидер, владиката Јован (Зоран Вранишковски).[67] Во 2004 година, домашните судови утврдиле дека, напуштајќи ја Македонската православна црква и воспоставувајќи ја Православната Охридска архиепископија, обвинетиот создал раскол што предизвикал **верска омраза, раздор и нетолеранција**.[68] Сепак, фактот дека тој бил осуден за поттикнување омраза кон себе од оние со различни верувања бил коментиран како „запрепастувачки“[69] бидејќи за „поттикнувачки говор“ неопходно е да постои намера на говорникот јавно да промовира омраза кон целната група (Принцип од Камден 12.1), односно тристран однос[70] помеѓу говорникот, публиката и метата. ОДИХР, со стручен придонес

64 Акциски план од Рабат за забрана за застапување на национална, расна или верска омраза што претставува поттикнување дискриминација, непријателство или насилство, Заклучоци и препораки произлезени од четирите регионални експертски работилници организирани од страна на ОДИХР во 2011, A/HRC/22/17/Add.4, стр. 7, Мароко, 5 октомври 2012.

65 Извештај на Специјалниот известувач за слобода на религија или верување, Асма Јахангир, UN HRC, A/HRC/13/40/ Add.2, 28 декември 2009, параг. 47.

66 Кривичен законик на Северна Македонија, „Член 319 [Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост на национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа] (1) Тој што со присилба, малтретирање, загрозување на сигурноста, излагање на подбив на националните, етничките, верските и други симболи, со палење, уништување или на друг начин оштетување на знаме на Република Македонија или знамиња на други држави, со оштетување туѓи предмети, со сквернавење споменици, гробови или на друг дискриминаторен начин, непосредно или посредно, ќе предизвика или ќе разгори омраза, раздор или нетрпеливост врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со затвор од една до пет години.”

67 Извештај на Специјалниот известувач за слобода на религија или верување, Асма Јахангир, дополнување, Мисија во поранешна југословенска Република Македонија, A/HRC/13/40/Add.2, параг. 47–48.

68 Првостепениот суд во Битола утврдил дека владиката Јован „предизвикал омраза кон себе и неговите следбеници. Предизвиканиот револт и нетрпеливост се должеле на нарушување на верската сензитивност на луѓето, кои побарале од државните органи да интервенираат. Тој добивал и закани за напад.” Види *Vraniskoski v. “The Former Yugoslav Republic of Macedonia*, апликација бр. 37973/05, 26 мај 2009.

69 Heiner Bielefeldt, Nazila Ghanea and Michael Wiener, Слобода на религија или верување: Коментар за меѓународното право, Oxford University Press, 2016, стр. 497.

70 Акциски план од Рабат, анекс, параг. 29; Стратегија и акциски план на Обединетите нации за говорот на омраза, Детални насоки за имплементација за теренските операции на Обединетите нации, UN, 2020, стр. 13.

од својата експертска група за слобода на вероисповед или верување, исто така, изрази загриженост за пристапот на судот.[71]

Според Специјалниот известувач на ОН за слобода на вероисповед или уверување, „ризикот од лабаво толкување на законските одредби за забрана на „говорот на омраза“ и истите да се применуваат селективно од страна на властите ја нагласува важноста да се има недвосмислен јазик и да се осмислат ефективни заштитни мерки против злоупотребите на законот. [...] Правната несигурност предизвикана од лабавата формулација на одредбите за поттикнување може да има ефект на одвраќање во однос на подготвеноста на поединците да ја остварат својата слобода на изразување, како и својата слобода на религија или верување, на пример, преку влијание врз нивната способност да ја променат својата религија, да основаат нови религиски или верски организации или да ја манифестираат својата религија или верување преку богослужба, почитување, практикување и учење во согласност со нивните убедувања.“[72]

2.2.2 ДРУГИ ДЕЛА НА „КРИМИНАЛИЗИРАН ГОВОР НА ОМРАЗА“

Покрај одредбите кои одат во прилог на гонењето на делата на „поттикнувачки говор“, некои национални кривични закони може да содржат одредби за гонење на други криминализирани дела на „говор на омраза“. Во овој дел се дадени примери за такви одредби заедно со избор од упатувања на меѓународната рамка, за да им помогне на обвинителите како во мапирањето на релевантните национални одредби за криминализиран „говор на омраза“, така и во нивното разликување од одредбите за кривични дела од омраза.[73]

Дела на негирање геноцид, злосторства против човечноста и грубо минимизирање

Неколку земји го криминализираат делото негирање на холокаустот[74] без да се предвиди дека тоа може да доведе до поттикнување омраза или насилство. На пример, тоа е спротивно на Рамковната одлука на ЕУ, каде што се предвидува криминализација на овој тип на дела само кога однесувањето е такво што поттикнува насилство или омраза против група луѓе или член

71 Мислење за предметот на владиката Јован (Зоран Вранишковски), Opinion-Nr.: FoRB – MK/035/2005, Expert Panel on FoRB/IU, 27 јули 2005, парag. 8.
72 Извештај на Специјалниот известувач за слобода на религија и верување, Асма Јахангир, додаток, Мисија во поранешна југословенска Република Македонија, A/HRC/13/40/Add.2, парag. 48 и 60.
73 Како што е појаснето погоре, ниту овој дел, ниту водичот во целина даваат насоки како да се постапува по криминализиран „говор на омраза“, ниту пак се одобрува криминализација на изразувањето омраза, вон рамките на дефинираното со член 20(2) од МПГПП.
74 Работна дефиниција за изобличување и негирање на Холокаустот, IHRA.

на таква група која се дефинира со повикување на „раса“, боја, религија, потекло или национално или етничко потекло.[75]

Примери за одредби за негирање геноцид, злосторства против човечноста и сериозно минимизирање[76]

Членот 6 од Вонредната уредба бр. 31 на Романија[77] предвидува дека: „Очигледното негирање, оспорување, одобрување, оправдување или минимизирање на холокаустот на каков било начин во јавност или неговите ефекти се казнува со затвор од шест месеци до три години или со парична казна.“ Истото важи и за геноцидот, злосторствата против човештвото и воените злосторства. Доколку за горенаведените кривични дела се користи компјутерски систем, се применува казна затвор од шест месеци до пет години.

Во Франција, Законот Гесо (Gayssot)[78] го криминализира делото на „оспорување“ на злосторствата против човечноста како што е дефинирано во член 6 од Повелбата на Меѓународниот воен трибунал приложена кон Лондонскиот договор од 1945 година. Во Австрија, во согласност со § 3h од Законот за забрана,[79] секој кој „јавно го негира, тривијализира, одобрува или се обидува да го оправда национал-социјалистичкиот геноцид или други национал-социјалистички злосторства против човечноста“, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. Ако делото е сторено во печатена форма, на радио или на кој било друг медиум или на начин да стане достапно за многу луѓе, казната е затвор од една до десет години. За најтешките дела, казната може да биде затвор од десет до дваесет години.

75 Види ЕУ Европски Совет, Рамковна одлука 2008/913/ЈХА, член 1(в) и член 1(г).
76 Негирање на холокаустот во кривичниот закон, Брифинг на Европскиот парламент, јануари 2022
77 Романија, ORDONANȚA DE URGENȚĂ nr. 31 [Вонредна уредба Бр. 31], 13 март 2002, член 6, според измените на Закон бр. 217 од 23 јули 2015, (на романски јазик, неофицијален превод).
78 Франција, Loi n° 90–615 du 13 juillet 1990 tendant à réprimer tout acte raciste, antisémite ou xénophobe [Закон бр. 90–615 од 13 јули 1990 за сузбивање на расистички, антисемитски или ксенофобични дела], (на француски, неофицијален превод).
79 Австрија, Bundesrecht konsolidiert: Gesamte Rechtsvorschrift für Verbotsgesetz 1947, Fassung vom 17.10.2024, [Закон за забрана од 1947, Консолидиран федерален закон, верзија од 13. 10 2024, (на германски, неофицијален превод).

Кривични дела на јавно ширење

Рамковната одлука на ЕУ, исто така, им наложува на земјите членки со закон да забранат јавно ширење или дистрибуција на трактати, слики или други материјали коишто поттикнуваат омраза или насилство. Сепак, во постојните кривични законици на земјите членки на ЕУ не секогаш е предвидено ширење што поттикнува омраза или насилство. На пример, во Кривичниот законик на Данска има кривично дело на ширење, но не е експлицитно поврзано со поттикнување насилство или омраза.

Примери за национални одредби со кои се криминализира јавно ширење на расистичка (итн.) комуникација или изјави

Дел 266б од Кривичниот законик на Данска[80]

Тој што **јавно или намерно шири каква било изјава или друга комуникација** со која им се упатува закана, се навредува или деградира одредена група лица поради нивната **раса, боја на кожа, национално или етничко потекло или верско уверување или попреченост, или поради нивната сексуална ориентација, родов идентитет, родово изразување или половите карактеристики** на таа група, ќе се казни со парична казна или затвор до две години.

Дела на клевета

Во националните кривични закони може да се најде и кривично дело клевета против поединец или група врз основа на специфични карактеристики. Сепак, меѓународните стандарди не препорачуваат или предвидуваат таква криминализација.[81]

80 Данска, Bekendtgørelse af straffeloven [Кривичен законик], (на дански, неофицијален превод).
81 За преглед и анализа на тековните пристапи за криминализација на клевета и навреда низ регионот на ОБСЕ, види Scott Griffen, Закони за клевета и навреда во регионот на ОБСЕ.

Пример за одредба за клевета

Член 355 од Кривичниот законик на Република Чешка[82]

(1) **Оној кој јавно клевети**
а) нација, нејзиниот јазик, раса или етничка група, или
б) група лица поради нивната вистинска или перципирана раса, припадност на етничка група, националност, политичко уверување, религија или затоа што тие се всушност или наводно без религија,
ќе се казни со затвор до две години.

Дела на навреди мотивирани од пристрасност

Различни форми на одредби кои ги криминализираат навредите мотивирани од пристрасност може да им бидат достапни на обвинителите на национално ниво. Исто така, можно е релевантните одредби за навреда да се достапни само во рамките на граѓанското право или воопшто да не се достапни.

Член 5 од Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за компјутерски криминал[83] предвидува дека „1. Секоја земја членка ќе усвои такви законски мерки што може да бидат неопходни за да се предвиди следното однесување како кривично дело според домашниот закон, кога е сторено намерно и без право: јавно навредување преку компјутерски систем, (i) на лица од причина што припаѓаат на група која се разликува по раса, боја, потекло или национално или етничко потекло, како и религија, ако се користи како изговор за кој било од овие фактори; или (ii) на група лица која се одликува со која било од овие карактеристики. 2. Земјата членка може: а. да бара делото од ставот 1 на овој член да има како последица лицето или групата лица од ставот 1 да бидат изложени на омраза, презир или потсмев; или б. да го задржи правото да не го примени, во целост или делумно, ставот 1 на овој член.“

Параграф 11 од Препораката на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите членки за борба против „говорот на омраза“[84] препорачува сексистичките и ЛГБТИ-фобичните јавни навреди, **под условите како оние што**

82 Република Чешка, Zákon trestní zákoník [Кривичен законик], (на чешки, неофицијален превод).
83 Дополнителен протокол кон Конвенцијата за компјутерски криминал за криминализација на расистички и ксенофобични дела извршени преку компјутерски систем, Навреда мотивирана од расизам и ксенофобија, Совет на Европа, Стразбур, 2003.
84 *Препорака CM/Rec (2022) 16 на Комитетот на министри за земјите членки за борба против говорот на омраз*, Совет на Европа, параграф 11 (г).

се утврдени специјално за онлајн навреди во Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за компјутерски криминал објаснет погоре, исто така, да подлежат на кривична одговорност.

Пример за одредба за навреда

Според член 448 од Кривичниот законик на Белгија[85], „Секој кој ќе **навреди лице** или со факти, или со списи, слики или амблеми, во една од околностите наведени во член 444, ќе се казни со затвор од осум дена до два месеци и парична казна од дваесет и шест [евра] до петстотини [евра], или само една од овие казни“.

Член 444 од Кривичниот законик на Белгија гласи: „Виновникот ќе се казни со затвор од осум дена до една година и парична казна од дваесет и шест [евра] до двесте [евра], кога обвинувањата се направени или на состаноци или на јавни места; или во присуство на неколку лица, на место кое не е јавно, но е отворено за одреден број луѓе кои имаат право да се соберат или да го посетуваат; или на кое било место, во присуство на навреденото лице и пред сведоци.“

Според член 453bis од Кривичниот законик на Белгија, „минималната казна за усно клеветење, клеветење во писмена форма и навреда може да се **удвои ако тоа е мотивирано од омраза, презир или непријателство против лица поради нивната претпоставена раса, боја на кожа, потекло, национално или етничко потекло, раѓање, возраст, богатство, верско или филозофско убедување, сегашна или идна здравствена состојба, попреченост, јазик, политичко убедување, синдикално убедување, физичка или генетска карактеристика или социјално потекло“.**

Како што е објаснето во студијата нарачана од претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите, терминот „навреда“ не е дефиниран во законот, туку е само генерално конституиран како непрецизно обвинување кое може да му наштети на честа на лицето. Во пракса, за навреда се бара да постои и елемент на злоба.“[86]

85 Кривичен закон на Белгија
86 Scott Griffen, Закони за клевета и навреда во регионот на ОБСЕ

Пример за навреда мотивирана од пристрасност и кривично гонење (Белгија)[87]

„Сторителот(-ите) пишува(-ат) расистички погрдни изрази и навредливи графити на скалите на станбена зграда со црно пенкало и цртаат стрелка која покажува кон станот на жртвата.

„Ова дело е гонето како навреда според членовите 448 и 444 од кривичниот законик, сторено со мотивираност од пристрасност, што е предвидено со член 453bis. Онаму каде што не е можно гонење за навреда мотивирана од пристрасност, обвинителите треба да се стремат да изберат кривично дело во кое се зема предвид и директната мета со поставување на стрелката што покажува кон станот на жртвата и веројатното влијание врз жртвата. На пример, обвинителите би можеле да размислат за примена на потежок облик на дело на оштетување имот на расистичка основа, или во зависност од околностите, потежок облик на дело на закана или вознемирување на расна основа.“

Белешка за обвинителите – прекршоци од граѓанското и управното право[88]

Правните лекови во граѓанското и управното право се особено релевантни во предметите за „говор на омраза“ кои не го исполнуваат прагот за кривично гонење. Граѓанските правни лекови може да вклучуваат исплата на штета, забрана со ограничување за да се спречат понатамошни појави и објавување на признанија дека одредени изјави претставуваат „говор на омраза“. Управните правни лекови вклучуваат активности преземени од владините агенции за спроведување на законската регулатива и може да вклучуваат парични казни, блокирање или бришење на навредливи содржини и одземање на лиценци. Овие правни лекови може да се спроведуваат паралелно или независно од кривичната постапка.

Обвинителите можат да имаат клучна улога за да го привлечат вниманието на жртвите и нивните адвокати кон овие потенцијални правни лекови и да ги упатуваат на нив каде што се смета за соодветно.

87 Овој пример е објавен од белгиското тело за еднаквост на нивната веб-страница

88 *Појаснувачки меморандум на Препораката CM/Rec(2022)16 на Комитетот на министри за земјите членки за борба против говорот на омраза*, Управувачки комитет за анти-дискриминација, различности и инклузија (CDADI) и Управувачки комитет за медиуми и информатичко општество (CDMSI), 1434-та средба, 11, 13 и 17 мај 2022.

2.3. КРИВИЧНИ ДЕЛА КОИ СЕ ВКРСТУВААТ

Во оваа група на кривични дела спаѓа однесување со упатување закани и вознемирување на јавно место, предизвикувајќи страв, вознемиреност и немир кај другите. Во случај на хулиганство, овие дела може да вклучуваат и групно насилство. Како што е наведено во стеблото на одлуки за обвинителите во Поглавјето 3, во зависност од контекстот и околностите, овие дела може да се извршуваат заедно со делата на криминализиран „говор на омраза“, вклучително и поттикнување омраза или насилство. Клучно прашање за обвинителите ќе биде дали ова однесување ги поттикнува и другите на насилство или омраза (водени од тестот составен од шест дела од Акцискиот план од Рабат), кога е релевантно да се разгледа и слободата на изразување.

Во овој дел, исто така, се опфатени и дела кои вклучуваат графити, бидејќи, во зависност од контекстот и од посебните карактеристики, овие инциденти може да се состојат од кривични дела од омраза, навреди мотивирани од пристрасност, закани или дела на криминализиран „говор на омраза“. Како што е објаснето во Поглавје 3, во некои околности, графитите исто така можат да бидат индикатор за пристрасност за кривично дело од омраза.

2.3.1 ДЕЛА НА НАРУШУВАЊЕ НА РЕДОТ И МИРОТ МОТИВИРАНИ ОД ПРИСТРАСНОСТ

Оваа група на кривични дела се однесува на дела на говор или изразување каде што полесната основна форма на кривичното дело ќе биде присутна во кривичниот законик, и содржината на говорот го сочинува целото кривичното дело. Во некои земји, нарушувањето или прекршувањето на мирот од помал размер и другите дела поврзани со јавниот ред и мир се категоризираат како прекршоци и управни прекршоци.

Примери за одредби за дела на нарушен (јавен) ред и мир мотивирани од пристрасност

Закон за јавен ред 1986, Дел 5, Вознемирување, страв од опасност и немир (Обединето Кралство (Англија и Велс))[89]

(1)Лицето се смета за виновно за сторено дело ако -

89 Обединето Кралство, Закон за јавен ред, 1986, Дел 5.

(а) користи заканувачки [или навредливи] зборови или однесување, или неприфатливо однесување, или

(б) прикажува нешто во писмена форма, со знак или друг видлив начин што е заканувачки [или навредливо], и коешто може да го слушне или види лицето, и притоа е веројатно дека ќе предизвика вознемиреност, страв од опасност или немир.

(2) Според овој дел, делото може да се изврши на јавно или приватно место, освен што делото не е сторено кога се користат зборови или однесување, кога се прикажува во писмена форма, со знак или друг видлив начин, од страна на лице во живеалиштето и другото лице исто така е во тоа или друго живеалиште.

(3) Претставува одбрана ако обвинетиот

(а) дека не постои причина да се верува дека имало лице кое можело да слушне или види и за кое е веројатно дека му е предизвикана вознемиреност, страв од опасност или немир, или

(б) дека лицето се наоѓало внатре во живеалиштето и нема причина да се верува дека употребените зборови или однесување, или прикажаното во писмена форма, со знак или на друг видлив начин, ќе бидат слушнати или видени од лице надвор од тоа или кое било друго живеалиште, или

(в) дека неговото однесување било разумно.

(4) F2.....

(5) F2.....

(6) На лицето кое е виновно за ова дело според овој дел ќе му се утврди одговорност со пресуда по скратена постапка и ќе му се изрече парична казна не поголема од ниво 3 според стандардното скалило.

Дел 31 од Законот за криминал и неред 1998[90] предвидува посериозни форми на ова и други слични дела на расна или верска основа (засебни кривични дела).

90 Обединето Кралство, Закон за криминал и неред, Дел 31.

Примери за дело на нарушување на (јавен) ред и мир, мотивирано од пристрасност

Додека се шетал по прометна шопинг улица среде ден, еден човек постојано извикувал расистички и ксенофобични навреди. Тој не извикувал кон одредени луѓе и не познавал никого во близина. Тој извикувал во насока каде што знаел дека се присутни луѓе. На улицата имало неколку луѓе кои внимавале да го избегнат и се префрлале на другата страна на улицата.

Во овој случај, неколку елементи на делото нарушување на мирот се исполнети. Јазикот е заканувачки и навредлив, се случува во јавност и веројатно ќе предизвика страв од опасност и немир кај луѓето кои можат да го видат или слушнат сторителот. Очигледно е дека станува збор за потежок облик на ова дело на расна основа.

Постои тенденција за овој тип на инциденти да се вклопат во квалификација за нарушување на редот и мирот од помал размер. Обвинителите, во својата пракса ќе треба да го прилагодат својот пристап за да ја земат предвид природата и влијанието на овие дела и да се осигурат дека, кога однесувањето е придружено со физички напад или директна закана, содржината на однесувањето со навреди и злоупотреба, исто така внимателно се разгледува како индикатор за пристрасност и како потенцијален доказ за напад мотивиран од пристрасност (кривично дело од омраза). Обвинителите треба да внимаваат на докази за директни закани, однесување како што е поседување и ракување со оружје или инциденти каде се вклучени групи на сторители.

Исто така, може да има примери каде што овие одредби може **погрешно да се употребат** за гонење на посериозни кривични дела од омраза, како што е објаснето во Поглавје 4.

2.3.2 ДЕЛА НА ХУЛИГАНСТВО МОТИВИРАНИ ОД ПРИСТРАСНОСТ

„Хулиганството“ обично подразбира деструктивно, навредливо или незаконито однесување како што е вандализам и насилство извршено од групи. Однесувањето најмногу се поврзува со насилство на спортски настани, на пример, каде што фудбалските навивачи патуваат за да присуствуваат на натпревари со цел да се однесуваат навредливо и насилно. Хулиганството, исто така, може да вклучи, или да биде контекст за кривични дела мотивирани од пристрасност. На пример, насилството насочено кон настаните на

Парадата на гордоста.[91] Во некои земји, обвинителите ќе имаат можност да го квалификуваат делото како хулиганство мотивирано од пристрасност или да го привлечат вниманието на судот за примена на општото заострување на казната за да се прифати мотивираноста од пристрасност во фазата на изрекување на казната. Кога се разгледува дали да се поднесе обвинение за хулиганство за одреден инцидент, од суштинско значење е обвинителите, исто така, да разгледаат дали во инцидентот биле вклучени напади мотивирани од пристрасност или други кривични дела од омраза. Пропустот дополнително да се идентификуваат и да се постапува по овие специфични кривични дела ги лишува жртвите од нивните права на ефективна истрага и на правата на целосно учество, а со тоа се намалува и нивниот пристап до специјализирана поддршка.

Примери за одредби за хулиганство мотивирано од пристрасност

Член 287 од Кривичниот законик на Молдавија[92]

(1) Хулиганството, односно намерните дејствија со кои грубо се нарушува јавниот ред, кои вклучуваат употреба на насилство врз луѓето или закани за негова употреба, насилен отпор кон претставник на властите или друго лице кое ги сузбива хулиганските дејствија, како и дејствија кои се карактеризираат со исклучителен цинизам во нивната содржина или посебна дрскост, ќе се казни со парична казна во износ од 550 до 1050 конвенционални единици, или со неплатена работа во заедницата во период од 180 до 240 часа, или со казна затвор до 3 години.

(2) Истото дејствие извршено: [...]; б) од две или повеќе лица; в) на територија или објект на јавна или приватна здравствена установа, г) кон лекар или здравствен работник при вршење на службена должност; д) **врз основа на предрасуда**, ќе се казни со парична казна во износ од 750 до 1350 конвенционални единици или казна затвор до 5 години.

(3) Злонамерното хулиганство, односно, дејствијата предвидени во ставовите (1) или (2), сторени со употреба или обид за употреба на оружје или други предмети за да се предизвика телесна повреда или друга штета по здравјето, се казнува со затвор во траење од 3 до 7 години.

91 Види, на пример, *Напад од хулигани на маршот на ЛГБТ во Полска*, New York Times, 27 јули 2019, видео

92 Кривичен закон на Молдавија, CP985/2002, (на романски, неофицијален превод).

Пример за илустрација на делото хулиганство мотивирано од пристрасност

Во мај 2018 година, над 30 маскирани мажи ги нападнаа домовите на Ромите во близина на селото Рудне во лавовскиот реон во Украина. Инцидентот вклучуваше подметнување пожари во домовите на луѓето и сериозни физички напади. Полицијата ги информираше новинарите дека нападот е квалификуван како „хулиганство“. [93]

Во овој и слични случаи, обвинителот може да ги разгледа обвинението за подметнување пожар со мотив на пристрасност и напади мотивирани од пристрасност. Ако обвинението за хулиганство е исто така соодветно, според украинскиот Кривичен законик, исто така, обвинителот може да го привлече вниманието на судот за да се примени одредбата за општо заострување на казната, за да се препознае мотивот на пристрасност (член 67 Отежнувачки околности за казната).

Член 67 од украинскиот Кривичен законик[94]

1. За целите на одмерување казна, следните околности ќе се сметаат за отежнувачки:
1),2).....

3) **извршување на кривично дело врз основа на расна, национална, верска омраза или раздор, или врз основа на родот;**
(4) – (13) ...

2.3.3 ГРАФИТИ

Иако вообичаено графитите не се предвидени како кривично дело во националните кривични законици, во зависност од контекстот и од нивните посебни карактеристики, овие инциденти може да содржат кривични дела од омраза, навреди мотивирани од пристрасност, закани или криминализиран „говор на омраза“. На пример, расистички графити на sид може најдобро да се квалификуваат како кривично дело од омраза, како што е потежок облик на „оштетување на имот“. Од друга страна, содржината на графитите, нивниот контекст и локација, вклучувајќи и како тоа влијае на нивното потенцијално ширење и веројатноста за штета, може да сугерира

93 Jonathan Lee, Роми избркани од опожарените домови од страна на маскирани луѓе додека ескалира насилството во Украина, Европски центар за ромските права, 12 мај 2018. На предметот се упатува и во Разбирање на кривичните дела од омраза против Ромите и справување со безбедносните потреби на заедниците на Ромите и Синтите, ОБСЕ/ОДИХР, 18 мај 2023, стр. 17.

94 *Кривичен закон на Украина*, последни измени на 4 јуни 2021.

квалификација на поттикнување омраза или насилство. Друга можност, објаснета во Дел 2.2.1, е кога расистичките графити на ѕидот од станот на жртвата се квалификуваат како навреда мотивирана од пристрасност. Слични графити против одредена индивидуа или група може да се квалификуваат како закана мотивирана од пристрасност. Како што е објаснето во Поглавје 3, во некои околности, графитите исто така можат да бидат индикатор за пристрасност за кривично дело од омраза. Обвинителите треба да се повикаат на Поглавјето 5 во врска со потребите на жртвите.

Пример за графити

На ѕидот на едно училиште во Шибеник, Хрватска, биле исцртани антисрпски графити, вклучувајќи свастики и повици за убиство на српски деца. Во напишаното стоело, „го уби Аркан, потоа Цеца... убиј ги српските деца“, „убиј го Србинот, VUKOVAR — никогаш ВУКОВАР“.[95] На графитите имало и цртеж на свастика, а годината 1986 била напишана на четирите квадрати на крстот.

Обвинителот го квалификувал инцидентот според член 235 од хрватскиот Кривичен законик како „оштетување на имотот на друго лице“, сторено од ниски побуди.[96]

95 Аркан беше српски воен командант за време на балканските конфликти. Цеца беше жена на Аркан. Вуковар е името на градот на кирилица, односно напишано со српската азбука и писмо. Вуковар се наоѓа на границата со Србија и во тоа место беа извршени злосторства од страна на српските воени сили во 1991 за време на балканските конфликти.

96 Хрватска, Kazneni zakon [Кривичен законик], член 235 (1), „Оној кој оштетува, уништува, обезличува имот на друго лице или прави да биде неупотреблив, ќе се казни со затвор не повеќе од две години... (3) Ако сторителот го извршил кривичното дело од став 1 и 2 од овој член од ниски побуди ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.” (на хрватски, неофицијален превод).

Членот 325 од хрватскиот Кривичен законик го предвидува кривичното дело: „Јавно поттикнување на насилство и омраза“.[97] Во овие случаи, обвинителот може да разгледа дали графитите или вандализмот се насочени кон целната група која е сопственик на објектот, и во тој случај е поверојатно дека станува збор за кривично дело од омраза, или дали изразувањето е насочено кон јавноста со цел да се поттикнат другите на омраза, дискриминација или насилство. Ако е така, обвинителите треба да ги разгледаат домашните одредби, достапната судска пракса и тестовите за прагот од Акцискиот план од Рабат за да утврдат дали обвинението за поттикнување омраза е соодветно во овој случај.

97 Ibid., Член 325 (јавно поттикнување на насилство и омраза), „(1) Оној кој преку печат, радио, телевизија, компјутерски систем или мрежа, на јавен собир или на друг начин јавно поттикнува или јавно става на располагање памфлети, слики или друг материјал што поттикнува насилство или омраза кон група на лица или припадник на таа група на основ на раса, религија, национално или етничко потекло, јазик, потекло, боја, род, сексуална ориентација, родов идентитет, попреченост или друга карактеристика, ќе се казни со затвор не повеќе од три години.” (на хрватски, неофицијален превод).

3. Стебло на одлуки за обвинителот

Ова стебло на одлуки е наменето за професионалците кои веќе се обучени за идентификување и постапување по кривични дела од омраза. Целта е да се истакнат клучните разлики во практиките за постапување помеѓу кривичните дела од омраза и криминализираниот „говор на омраза“ и да се обезбедат прашања кои ќе ги насочат и поддржат обвинителите во примената на националните одредби. Тоа не е применливо во сите ситуации, а обвинителите ќе треба да применат лично расудување и соодветно да го применуваат националниот закон. За дополнителни информации за основите на концептот на кривични дела од омраза, погледнете го Поглавјето 1 погоре и постојните упатства на ОДИХР за постапување по кривични дела од омраза.[98] Во овој дел, читателот се запознава со структурата на стеблото на одлуки кое треба да се чита заедно со графичкиот приказ.

Стеблото на одлуки започнува од моментот кога предметот се упатува кај обвинителот. Во зависност од правниот систем и овластувањата и улогата на обвинителот, предметот може да се упати до обвинителот во одреден момент за време на или при завршување на истрагата, или при поднесување на обвинение. До оваа фаза, преку процесот на истрага најверојатно е идентификувано потенцијалното кривично дело што посочува на потенцијалното обвинение. Кривичното дело може да вклучува какво било кривично дело од кривичниот законик.

Жртвите недоволно ги пријавуваат кривичните дела од омраза, и полициските истражители може да не ги идентификуваат и евидентираат. За да се надмине ризикот од недоволно пријавување и евидентирање, алатката има за цел да постави „широка мрежа“ за да се опфатат потенцијалните кривични дела од омраза преку поставување отворени прашања и поттикнување на употребата на индикатори за пристрасност (види Прашање 1 подолу).

Целта на прашањата 1–3 е да ги поддржат обвинителите:

- Да утврдат дали е вклучена омраза, пристрасност или предрасуди; и
- Да утврдат дали доказите за омраза или пристрасност укажуваат или на кривично дело од омраза или на криминализиран „говор на омраза“.

98 ОБСЕ/ОДИХР, Постапување по криминал од омраза.

1: Дали инцидентот вклучува омраза, пристрасност или предрасуди?

Целта на ова прашање е да се вклучат поголем број на луѓе и проверки, што е особено важно за идентификување, евидентирање и одговор на кривичните дела од омраза.

Како што е објаснето во Поглавје 1, присуството на омраза, пристрасност или предрасуди ќе биде поочигледно во случаите на криминализиран „говор на омраза“. За случаите на кривични дела од омраза, истражителите и обвинителите можеби ќе треба тесно да се координираат за да ги идентификуваат и да ги соберат доказите за мотивот на пристрасност. Во најраната фаза, се препорачува да се користат индикатори за пристрасност за да се идентификуваат можните докази за пристрасност. Овие тестови треба повторно да се направат и соодветно применат од страна на обвинителите.

Индикатори за пристрасност: преглед[99]

Индикаторите за пристрасност се „објективни факти, околности или обрасци во кривичното дело (дела), кои, самостојно или во врска со други факти или околности, сугерираат дека постапките на сторителот биле мотивирани, во целост или делумно, од каква било форма на пристрасност“.[100] Како такви, индикаторите за пристрасност се клучна алатка за идентификување на кривичните дела од омраза.

Вообичаените индикатори за пристрасност може да се постават во осум главни категории кои се наведени подолу. Веројатно е дека повеќе од еден индикатор за пристрасност ќе биде присутен во случај на потенцијално кривично дело од омраза. Индикаторите за пристрасност, исто така, може да варираат врз основа на типот на кривично дело од омраза. Годишниот извештај на ОДИХР за кривични дела од омраза вклучува инциденти со расистички и ксенофобични кривични дела од омраза, кривични дела од омраза против Ромите, антисемитски кривични дела од омраза, антимуслимански кривични дела од омраза, антихристијански кривични дела од омраза, други кривични дела од омраза засновани на религија или верување, родово засновани кривични дела од омраза, анти-ЛГБТИ кривични дела од омраза и кривични дела од омраза поради попреченост.[101]

99 Види, Примена на индикатори на пристрасност: Практична алатка за полицијата, ОБСЕ/ОДИХР, 28 мај 2019

100 Модел на протокол од Масачусетс за истрага на кривични дела од пристрасност; цитирано во: Механизми за собирање податоци и мониторинг на кривични дела од омраза:Практичен водич, ОБСЕ/ОДИХР, 29 септември 2014, стр. 15

101 Збирки на листи на факти за кривични дела од омраза, ОБСЕ/ОДИХР; ОДИХР Извештај за кривични дела од омраза.

Перцепција на жртвата и сведокот

Дури и во отсуство на други индикатори за пристрасност, од клучна важност е како жртвите или сведоците го перципираат кривичното дело што го доживеале или за кое сведочат. Иако можеби на почеток нема да можат да ги идентификуваат факторите што овозможуваат постапките на сторителите да ги гледаат како мотивирани од пристрасност, нивниот впечаток за нападот не може да се отфрли. Всушност, истражителите и обвинителите често ќе најдат други индикатори за пристрасност за да ја потврдат нивната перцепција.

Коментари, пишани изјави, гестови или графити

Сторителите на кривични дела од омраза честопати јасно ги покажуваат своите предрасуди пред, за време или по делото. Оние кои вршат кривични дела од омраза генерално сакаат да испратат порака до своите жртви и до другите, а овие пораки, од извикувани навреди до гестови, графити и публикации на интернет, се моќни индикации за мотивираност од пристрасност.

Етнички, верски или културни разлики помеѓу сторителот и жртвата

Разликите помеѓу сторителите и жртвите може да бидат индикатор за пристрасност. Тоа е особено така кога жртвите можат видливо да се идентификуваат како членови на одредена група. Примери за таква идентификација се боја на кожа, верска облека, како што е муслиманка која носи шамија или друга облека за идентификација, како што е носење знаме со виножито за поддршка на движењето за еднаквост на ЛГБТИ.

Организирани групи на омраза

Иако не сите кривични дела од омраза ги извршуваат организирани групи, во извршувањето на овие кривични дела од омраза често се вклучени членови или соработници на таквите групи.

Локација и време

Каде и кога се случил инцидентот може да биде значаен индикатор за пристрасност. Тука може да спаѓаат конкретни локации и време кои се релевантни за или се поврзани со одредена целна заедница. Бидејќи сторителите на кривични дела од омраза можат да сметаат дека постапките се оправдани од националистичките идеологии, значајни датуми и локалитети поврзани со доминантната култура, религија, па дури и национални прослави, исто така, можат да обезбедат контекст за кривични дела од омраза.

Обрасци или чести претходни кривични дела или инциденти

Ако индивидуалната жртва претходно била мета на кривично дело мотивирано од пристрасност, сериозно треба да се разгледа потенцијалната мотивираност од пристрасност. Ако сличен модус операнди бил и претходно забележан во дадена област, доколку има голем пораст во бројот на инциденти мотивирани од пристрасност или одредена група добива закани, тие исто така треба да предизвикаат сомневање за мотивираност од пристрасност. Исто така, ако осомничените имаат претходна историја на вклученост во кривични дела мотивирани од пристрасност, тоа треба да се смета за индикатор за пристрасност.

Природата на нападот

Бидејќи кривичните дела од омраза се кривични дела со кои се праќа порака, односно имаат за цел да се шири страв кај другите кои ја споделуваат заштитената карактеристика на жртвата(-ите), степенот на насилство, штети и бруталност може да бидат сериозни. Како израз на супериорност и отфрлање на целната група, кривичните дела од омраза може да вклучуваат и деградирачко постапување со цел да се наруши достоинството на жртвите.

Недостаток на други мотиви

Честа мета на кривичните дела од омраза се жртви кои се „претставници“ на нивната група. Изборот на метата, според тоа, може да изгледа дека е случаен и, со оглед на непостоењето поврзаност помеѓу сторителот и жртвата, може да нема очигледен мотив. Во ваквите случаи, не треба да се отфрли можноста за мотивираност од пристрасност.

Важно е да се напомене дека перцепцијата на жртвата е клучен индикатор за пристрасност. Добра пракса е да се евидентира кога жртвите ги перципираат кривичните дела дека се од пристрасност, дури и ако нема доволно докази за да се вклучи мотивот на пристрасност во моментот на поднесување обвинение или тоа да се претстави подоцна во фазата на изрекување казна. Исто така, добра пракса е доколку полицијата, а каде што е соодветно, и обвинителот да ја прифати перцепцијата на жртвата дека тоа е кривично дело од омраза и да се осигура дека тие се упатени до специјализирана организација за поддршка, каде што тоа е достапно. Одговорот на полицијата и обвинителите кон жртвите и заедниците кои сметаат дека делото било мотивирано од пристрасност може да има трајно влијание. Слабиот одговор може да предизвика понатамошна индивидуална штета, секундарна виктимизација и долгорочно нарушување на довербата на заедницата, што доведува до помалку пријавени кривични дела од омраза.

Ако одговорот на Прашањето 1 е „да“, обвинителите треба да проверат дали жртвата(-ите) е упатена до специјализирана служба за поддршка и, каде што е соодветно, адвокат. Ако обвинителот очекува дека од жртвата најверојатно ќе се бара да даде докази доколку случајот понатаму се разгледува, не е премногу рано да се разгледа потребата од процесни и други прилагодувања. Обвинителите, исто така, треба да се упатат на Поглавјето 5 за понатамошни насоки за потребите на жртвите.

Ако одговорот на Прашањето 1 е „не“, или ако обвинителот не е сигурен, се охрабрува повторно да прегледа, особено ако жртвата или сведокот сметаат дека тоа е кривично дело од омраза или е мотивирано од пристрасност. Може да се разгледа можноста да се побара совет од поискусен колега или, доколку е достапен, и од специјалист за кривични дела од омраза. Доколку и по внимателното разгледување, одговорот сè уште е „не“, предметот не е кривично дело од омраза или криминализиран „говор на омраза“ и треба да се постапува во согласност со националното законодавство и процедури.[102]

102 Насоки или коментари за постапување по предмети кои не се кривични дела од омраза или криминализиран „говор на омраза“ не се опфатени со овој водич.

Белешка за обвинителите – одговор со примена на граѓанското и управното право

Ако е присутна омраза или пристрасност и не е исполнет кривичниот праг, важно е да се запомни дека делата кои не се толку сериозни за да бидат кривични дела, сепак можат да укажат на ризик од ескалација во посериозно кривично дело и исто така да предизвикаат значителна штета на жртвите. Обвинителите треба да се координираат со жртвите и нивните адвокати и други релевантни чинители, како што се телата за еднаквост, медиумските регулатори или други органи кои можат да обезбедат одговор според граѓанското или управното право.

2: Дали инцидентот вклучува пристрасен говор или изразување?

„Пристрасното изразување“ може да биде вербално, со гестови или напишано (вклучувајќи и во онлајн просторот или како графити).

Обвинителите треба да разгледаат дали е присутно изразување омраза или пристрасност. Во овој момент, не е потребно да се разгледува дали со содржината на самиот израз се исполнува прагот за да се смета за кривично дело (тоа се разгледува по Прашањето 3). Ако не постои очигледна пристрасност или изразување омраза, обвинителите може уште еднаш да разгледаат дали постојат други индикатори за пристрасност или предрасуди за делото, како што е наведено во точка 1 погоре.

Ако одговорот е „да“, преминете на Прашање 3.

Ако одговорот е „не“, и други индикатори за пристрасност се идентификувани во Прашање 1, преминете на Прашање 4.

3: Дали инцидентот претставува кривично дело ако се отстрани пристрасното изразување?

Кривичните дела од омраза се кривични дела кои се извршени поради мотивираност од пристрасност. „Пристрасноста“ се манифестира кога одредено лице или имот е намерна мета на сторителот поради една или повеќе идентитетски особини или изразил непријателство кон таквите идентитетски особини додека го извршувал кривичното дело. Тоа значи дека дури и ако се отстрани пристрасноста, сè уште може да се идентификува кривично дело, содржано во кривичниот законик, како што е напад. Или, во случај на криминализиран „говор на омраза“, тоа е содржината на изразот

што всушност претставува кривично дело. Или со други зборови, ако се отстрани пристрасното изразување, нема кривично дело. Овие аспекти се разработени во Поглавје 1.

Ако одговорот е „да“, најверојатно е дека инцидентот е кривично дело од омраза. Ако одговорот е „не“, најверојатно е дека инцидентот ќе биде некаква форма на криминализиран „говор на омраза“.

За кривични дела од омраза...

4: За какво кривично дело станува збор? Кое е основното кривично дело?

4а: Основното кривично дело не вклучува говор или изразување

Овие кривични дела најчесто се предвидени во националните кривични законици, како што се физички и сексуален напад, убиство и оштетување на имотот.

4б: Основното кривично дело вклучува говор или изразување

Кривичните дела како што се заканите, обично се извршуваат преку говор или изразување, на пример, закана за убиство или закана за предизвикување сериозна штета или вознемирување. Или со други зборови, овие кривични дела сè уште се кривични дела ако се отстрани пристрасното изразување; основното кривично дело само по себе е извршено преку изразувањето.

5: Идентификување, собирање и обезбедување докази за мотивираност од пристрасност

Во оваа фаза, обвинителите може да се навратат на доказите за индикаторите на пристрасност што беа идентификувани во Прашањата 1 и 2, и заедно со полицијата, кога е тоа соодветно, да работат на собирање докази за мотивираноста од пристрасност коишто ќе се изведат пред судот. Овие чекори се целосно разработени во упатствата на ОДИХР. [103]

6: Избор на одредба за мотивираност од пристрасност

Обвинителите треба внимателно да го разгледаат Дел 2.1 заедно со кривичниот законик за да ја идентификуваат најсоодветната одредба за препознавање на мотивираноста од пристрасност (6а, 6б, 6в): засебното кривично дело, посебно заострување на казната или општо заострување на казната.

103 ОБСЕ/ОДИХР, Постапување по криминал од омраза

Постои и можност да не постои законска одредба што одговара на мотивираноста од пристрасност (6г). На пример, во кривичното дело може да има мотив на хомофобија, но националниот закон за кривични дела од омраза не ја вклучува сексуалната ориентација како заштитена карактеристика. Во овој случај, обвинителите можат да ја прифатат мотивираноста од пристрасност кон жртвата, да проверат дали имаат поддршка и да објаснат како ќе продолжат да постапуваат по предметот кога во кривичниот законик не е содржана соодветна правна алатка за одговор на конкретната мотивираност од пристрасност. Можеби судот ќе ги земе предвид општите политики за примена на олеснителни и отежнувачки фактори при одмерувањето на казната, како што е мотивираноста на сторителот, а каде што конкретно не се споменува мотивираноста од пристрасност, но која може да се примени во конкретниот предмет.

Во отсуство на соодветна одредба за кривично дело од омраза, обвинителите може да бидат во искушение да користат одредба за криминализиран „говор на омраза“ за да се препознае елементот на пристрасност во кривичното дело. Како што е наведено во Дел 4.2, тоа најверојатно нема да биде соодветна стратегија за гонење поради ризикот да се поткопаат принципите на законитост и пропорционалност. Обвинителите се охрабруваат да идентификуваат друго соодветно обвинение и може да се упатат на Поглавјето 4, особено на примерот даден во Дел 4.2. Како што е објаснето и во Поглавје 4, во соодветен момент во рамките на процесот на креирање политики, обвинителите можат да преземат важна улога со тоа што на носителите на одлуки и законодавците ќе им ги посочат законските алатки што недостасуваат за одговор на кривичните дела од омраза.

За криминализиран „говор на омраза“...

Во оваа публикација не се даваат насоки за постапување по делата на криминализиран „говор на омраза“. Намерата е да покаже дека овие форми на кривични дела се разликуваат од кривичните дела од омраза и за нив е потребно да се примени различен технички пристап и аспекти во врска со жртвите. Оттука, во овој дел од стеблото на одлуки се идентификуваат најчестите одредби за криминализиран „говор на омраза“ во поддршка на обвинителите да ги мапираат правните алатки на национално ниво.

Точките 7 и 8 од стеблото на одлуки се однесуваат на метата и на ефектот на говорот или изразот. Како што е објаснето во воведот, делата на криминализиран „говор на омраза“ се јавни по природа; сепак, правното значење на термините „јавен“ или „јавно“ и метата на таквиот говор или изразување може многу да се разликуваат.

Дела на „поттикнувачки говор“

Во ваквите предмети, говорот или изразот има за цел да ги поттикне другите на омраза или насилство против одредена група (7в + 8г). Како што е објаснето во Поглавје 2, обвинителите треба да го користат тестот од шест дела од Акциискиот план од Рабат, националната судска пракса и, каде што е соодветно, релевантните пресуди од ЕСЧП во нивното расудување.

Важно е да се напомене дека, во случајот на дела на „поттикнувачки говор“, во стеблото на одлуки се истакнува барањето за исполнување на технички услов при докажување на дело кое е во зачеток. Или со други зборови, да се покаже дека со говорот ќе се успее да се поттикнат другите на омраза или насилство против целната група.[104] Во оваа смисла, фокусот е да се покаже дека говорот е упатен на оние кои би биле поттикнати на омраза или насилство против заштитена група или членови на таа група, наспроти директно обраќање кон индивидуалната мета.

Подеднакво е важно да се земе предвид влијанието на таквиот говор врз поединци кои се веројатна и евентуална мета на омразата или насилството, иако тие не претставуваат составен елемент на, или не се во фокусот на техничките аспекти на овие дела. На пример, во случајот Beizaras and Levickas v. Lithuania, ЕСЧП го разгледуваше одбивањето на литванските власти да спроведат истрага и санкционирање за онлајн коментари со „говор на омраза“ кои имале за цел да поттикнат омраза и насилст bво против лезбијките, геј, бисексуалците и трансродовите лица воопшто, како и лично кон двајца мажи. Судот утврдил дека Литванија го прекршила членот 14 (забрана на дискриминација) од Конвенцијата во врска со членот 8 (право на почитување на приватниот и семејниот живот) и дека литванските власти исто така го прекршиле членот 13 (право на ефикасен правен лек).[105]

Навреди мотивирани од пристрасност

Во овие предмети, говорот или изразувањето е насочен кон поединечна жртва (7а) и може да вклучи вознемирување, навреда, закана и непријатност или да ја изложи жртвата на омраза и/или потсмев (8а). Обвинителите треба да имаат предвид дека ваквиот тип на однесување може да ескалира до директни закани за насилство, и во тој случај може да биде посоодветно ако се квалификува како „закана“ или нешто слично. Обвинителите треба да се упатат на Поглавјето 5 во врска со потребите на жртвите, односно на Дел 2.2.1 за примери и законски одредби, и на Дел 4.4 за примери на национално ниво.

104 OHCHR, Прелед на една страна „поттикнување на омраза“
105 *Beizaras and Levickas v. Lithuania*, апликација бр. 41288/15, ЕСЧП, 14 јануари 2020; Заштита на малцинските права, Практичен водич за подготовка на сеопфатно антидискриминациско законодавство, OHCHR, Equal Rights Trust, New York and Geneva, 2023, стр. 178.

За кривични дела кои се вкрстуваат...

Дела на нарушување на редот и мирот мотивирани од пристрасност

Во овие случаи, говорот или изразувањето обично се одвива во физичкиот простор и во јавност (7в), и има за цел или ефект на злоупотреба, создавање страв од опасност или предизвикување немир (8б). Сепак, поттикнувањето на другите на омраза или на дејствување не е составен елемент на овие дела. Примерите и аспектите што треба да се разгледаат се наведени во Дел 2.3 и Дел 4.4.

Хулиганство мотивирано од пристрасност

Однесувањето во овие случаи се однесува на насилство извршено од групи. Фокусот е ставен на нарушување на јавниот ред, но при таквото однесување мета може да бидат и одделни жртви. Ваквото однесување има за цел или ефект на навредување, страв од опасност или создавање немир (8б) за околната јавност (7в). Сепак, поттикнувањето на другите на омраза или дејствување не е составен елемент на овие дела. Примерите и аспектите што треба да се разгледаат се дадени во Дел 2.3.2.

СТЕБЛО НА ОДЛУКИ ЗА ОБВИНИТЕЛОТ ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА/КРИМИНАЛИЗИРАН ГОВОР НА ОМРАЗА*

1: ДАЛИ ИНЦИДЕНТОТ ВКЛУЧУВА ОМРАЗА, ПРИСТРАСНОСТ ИЛИ ПРЕДРАСУДИ?

ДА

Инцидентот е или кривично дело од омраза или „говор на омраза“. Преминете на Прашање 2

НЕ

Погледнете повторно: дали има други знаци на потенцијална мотивираност од пристрасност? Повикајте се на индикаторите за пристрасност, појаснети во Поглавје 3 од овој водич, особено за „перцепцијата на жртвата“

ДА

Преминете на Прашање 3

НЕ

ИЛИ

Поднесете соодветно обвинение за кривично дело

Нема понатамошна кривична постапка

Координирајте се со партнерите, вклучително и со адвокатот на жртвата за да се побара соодветен граѓански или управен правен лек.

2: ДАЛИ ИНЦИДЕНТОТ ВКЛУЧУВА ПРИСТРАСЕН ГОВОР ИЛИ ИЗРАЗУВАЊЕ?

ДА

Преминете на Прашање 3

НЕ

Погледнете повторно: дали има други знаци на потенцијална мотивираност од пристрасност?

3: ДАЛИ ИНЦИДЕНТОТ ПРЕТСТАВУВА КРИВИЧНО ДЕЛО АКО СЕ ОТСТРАНИ ПРИСТРАСНОТО ИЗРАЗУВАЊЕ?

ДА = КРИВИЧНО ДЕЛО ОД ОМРАЗА

Кривично дело + мотив на пристрасност

НЕ = КРИМИНАЛИЗИРАН ГОВОР НА ОМРАЗА

Содржината на изразувањето го сочинува кривичното дело

4: ЗА КАКВО КРИВИЧНО ДЕЛО СТАНУВА ЗБОР: КОЕ Е ОСНОВНОТО КРИВИЧНО ДЕЛО?

7: НА КОГО Е УПАТЕН ГОВОРОТ?

4а. Основното кривично дело не вклучува говор/изразување

4б. Основното кривично дело вклучува говор/изразување

7а. Индивидуална жртва/мета

7б. Конкретна/ целна група

7в. Поширокатa јавност

Физички напад, убиство, оштетување на имот...

Закана, вознемирување

8: КАКВО Е ДЕЈСТВОТО НА „ГОВОРОТ НА ОМРАЗА“?

8а. Вознемирување, навредување, заканување/изложување на омраза/потсмев /презир

8б. Вознемирување, навредување, заканување/изложување на омраза/потсмев /презир

8в. Шири, клевети или негира (без поттикнување)

8г. Поттикнува омраза или насилство

5: ИДЕНТИФИКУВАЊЕ, СОБИРАЊЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДОКАЗИ ЗА МОТИВИРАНОСТ ОД ПРИСТРАСНОСТ

6: ИЗБОР НА ОДРЕДБА ЗА МОТИВИРАНОСТ ОД ПРИСТРАСНОСТ

6а. Засебно кривично дело

6б. Посебно заострување на казната

6в. Општо заострување на казната

Нарушување на јавниот ред и мир

Хулиганство

6г.
Доколку не постои засебно кривично дело, посебно заострување на казната или општо заострување на казната за одредена заштитена карактеристика, обвинителот ја информира жртвата, и доколку е релевантно, и адвокатот, дека нема соодветна правна алатка за соодветна казна. Исто така, обвинителот идентификува друга соодветна квалификација на делото, внимавајќи однесувањето да се совпаѓа со правилната законска одредба.

Контекст на изјавата
Положба/статус на **говорниците**
Намера да поттикне
Содржина/форма на изјавата
Опсег на ширењето
Веројатност за штета

Навреда мотивирана од пристрасност

Клевета
Ширење
Дела на негирање

Дела на поттикнувачки говор

Ако има недоволно докази за да се докаже прагот за кривичното дело

Стебло на одлуки за обвинителот

* Стеблото на одлуки за обвинителот се користи заедно со Поглавје 3 од овој водич, каде се дадени насоки за користење на оваа алатка

4. Примери за кривично гонење во пракса

Во ова поглавје се дадени студии на случај како илустрација за предизвиците што се појавуваат во пракса при гонењето во оваа област, и истите се извлечени од контекстот на национално ниво. Тука спаѓаат: праксата за примена на одредбите за „говор на омраза“ за гонење на кривични дела од омраза, вклучително и во контексти каде што не постојат важечки закони за кривични дела од омраза и погрешно се квалификува сериозноста на кривичните дела од омраза. Во поглавјето, исто така, се разгледуваат примери на комбинирани предмети, каде што еден инцидент вклучува кривично дело од омраза и дело на криминализиран „говор на омраза“ и „гранични“ кривични дела, каде што е предизвик да се категоризираат инцидентите бидејќи содржат карактеристики на кривични дела од омраза и криминализиран „говор на омраза“.

ЗАБЕЛЕШКА: Во студиите на случај во ова поглавје се опфатени законски одредби кои биле во сила кога се постапувало по инцидентите. Фуснотите се однесуваат на текстот на тогашните закони, иако постојните закони може значително да се разликуваат.

4.1. ПРИМЕНА НА ОДРЕДБИТЕ ЗА „ГОВОР НА ОМРАЗА“ ВО ГОНЕЊЕТО КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА

Во овој дел се претставени две студии на случај во кои се користеле одредбите за криминализиран „говор на омраза“ во постапувањето за гонење кривични дела од омраза.

4.1.1 СЛУЧАЈ 1

Станува збор за случај во општина Жепче, Зеничко-добојски кантон, Босна и Херцеговина во 2002 година, и по предметот се постапувало според важечкиот закон.

Кус преглед на случајот[106]

Во текот на ноќта, двајца мажи пружиле отпор при приведувањето и нападнале двајца полициски службеници, откако биле запрени поради направени неколку сообраќајни прекршоци. Сторителите биле од хрватска етничка припадност, а полициските службеници имале ознаки со нивните имиња прикачени на униформите, од кои се знаело дека се Бошњаци. Додека еден од полициските службеници му издавал писмен налог на возачот, возачот изјавил: „Вие сте оној локален шериф од Завидовиќи[107] кој дојде во Жепче за да воведе ред“ и изрекол расистички навреди против Бошњаците. Возачот, исто така, ја турнал службената документација од рацете на полицискиот службеник. Полицискиот службеник се обидел да го приведе возачот, но тој го турнал и замавнал кон батериската ламба и лисиците кои паднале од рацете на полицискиот служебник. Во истиот момент сопатникот излегол од возилото и го нападнал истиот полициски службеник, го грабнал за елекот и му го искинал. Возачот, исто така, му ја искинал кошулата на полицискиот службеник. Вториот полициски службеник, со намера да му помогне на својот партнер, го фатил сопатникот за рацете за да може неговиот партнер да го приведе возачот. Патникот пружил отпор при апсењето напаѓајќи го вториот полициски службеник, удирајќи го по очилата, мобилниот телефон и значката. На крајот и тој бил приведен. Возачот продолжил да го навредува и да му се заканува на првиот полициски службеник, со антибошњачки погрдни изрази и извикувајќи: „Порано или подоцна ќе те заколам. Дојдовте тука на територијата на усташите[108] за да спроведувате закони.“

Од овој напад двајцата полициски службеници се здобиле со лесни телесни повреди.

Одлуката на обвинителството

Возачот и сопатникот биле обвинети за „напад врз службено лице при вршење работи поврзани со безбедноста“. Возачот, исто така, бил обвинет за „поттикнување национална, расна или верска омраза, раздор или непријателство“. Двајцата биле обвинети за извршување на овие кривични дела како соизвршители.

106 Ова е случај од заедница со мешан етнички состав. Зеничко-добојски кантон, општина Жепче, составена од етнички Хрвати и етнички Бошњаци, со историја на етнички поделби и насилство.
107 Градот во близина бил населен со 90% Бошњаци.
108 Усташи била хрватска фашистичка и ултранационалистичка организација која била активна како една организација помеѓу 1929 и 1945 година, претходно познати како Усташа — Хрватско револуционерно движење. Види, на пример, Ustaša | Fascist Regime, Genocide & War Crimes | Britannica.

Коментар

Неколку аспекти треба да се земат предвид кога се разгледува пристапот што го примениле органите за гонење на делото. Основните елементи на член 163 од Кривичниот законик на Федерацијата на Босна и Херцеговина (ФБиХ)[109] се: а) публицитет, б) поттикнување, в) национална, расна или верска омраза, раздор или непријателство, г) конститутивен народ. Елементот а), публицитет, подразбира дело кое е извршено јавно пред публика која е во можност да види, слушне или прочита, наспроти дело извршено на јавно место. Важно е дека самиот член 163 предвидува дека кривичното дело треба да поттикнува или разгорува омраза (како континуирано дејство) меѓу „конститутивните народи и другите кои живеат во ФБиХ“.

Во овој случај, само четири лица биле свесни за нападот во моментот на кривичното дело (двајца полициски службеници и двајца сторители), а инцидентот се случил во 4:20 минути наутро во релативно изолирано подрачје. Ова кривично дело мора да биде извршено со намера и, со оглед на околностите, би било тешко да се покаже дека обвинетиот ги нападнал полициските службеници со цел да поттикне омраза меѓу конститутивните народи или другите во ФБиХ или со знаење дека тоа ќе биде веројатен исход од нивните постапки. Затоа, ако нема публика или свесност за инцидентот, тешко е да се тврди дека некое дело, навистина, поттикнува омраза меѓу наведените народи.

Врз основа на наведеното, обвинителот ќе можел да поднесе обвинение по член 359 од кривичниот законик, став 2, „Напад врз службено лице при вршење работи во врска со безбедноста“,[110] извршен со мотивираност од пристрасност. Членот 2.11 од кривичниот законик ја утврдува пристрасноста како отежнувачка околност за какво било кривично дело.[111] Со такво обвинение, дури и ако обвинителот не бил во можност да ја докаже мотивираноста од пристрасност, веројатно би имало доволно докази за да се докаже дека нападот, односно, основното кривично дело, се случил. Важно е да се истакне за обвинителите дека индикаторите за пристрасност во навредите на расна основа во ваквите случаи, кои се во прилог на извршувањето на

109 Кривичен закон на Федерацијата на Босна и Херцеговина, член 163, од 2022: „Оној кој јавно поттикнува и разгорува национална, расна или верска омраза, раздор или непријателство помеѓу конститутивните народи и останатите кои живеат во Федерацијата, ќе се казни со затвор од една до пет години.” (на босански, неофицијален превод).

110 Ibid., член 359, став 2, од 2022: „Оној кој напаѓа или се заканува да нападне службено лице или лице кое помага на службено лице при вршење на работите поврзани со јавната безбедност или безбедноста на Федерацијата, или должности поврзани со одржувањето на јавниот ред, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.” (на босански, неофицијален превод).

111 Ibid., член 2.11, од 2022: „Кривично дело од омраза е кривично дело извршено поради раса, религиозно уверување, национално или етничко потекло, јазик, попреченост, пол, сексуална ориентација или родов идентитет. Таквото постапување ќе се смета за отежнувачка околност освен доколку овој законик изречно не предвидува построга казна за потешка форма на кривично дело извршено од омраза.” (на босански, неофицијален превод).

кривично дело од омраза не треба да бидат предмет на „двојно обвинение“, односно, и како „говор на омраза“ и како кривично дело од омраза. Во овие случаи, кривичните гонења за кривични дела од омраза и „говор на омраза“ се алтернативни стратегии и не треба да се комбинираат.

Примена на стеблото на одлуки за обвинителот

- Одговорот на двете Прашања 1 и 2 е „да“. Во инцидентот се застапени силни индикатори за пристрасност, вклучувајќи ја и разликата во етничката припадност помеѓу жртвите и обвинетите; и непровоцирано насилство. Клучен индикатор за пристрасност е и конкретниот јазик/изразување што се користел за време на нападот.
- Одговорот на Прашањето 3 е „да“. Во инцидентот биле вклучени неколку напади, кои и без искажаната пристрасност и понатаму ќе бидат кривични дела. Во овој случај, обвинителот треба да ја следи левата страна на стеблото на одлуки за да го утврди видот на кривичното дело од омраза и да ја определи примената на релевантниот национален закон.
- Прашање 4 (за какво кривично дело се работи?): основното кривично дело можело да се квалификува според член 359 од кривичниот законик, став 2, „напад врз службено лице при вршење работи во врска со безбедноста“ (4а).
- Точка 5: Индикаторите за пристрасност се идентификувани погоре, а доказите треба да бидат достапни преку изјави на сведоци, односно, земени од двајцата полициски службеници.
- Точка 6: Релевантната одредба за мотивираност од пристрасност е идентификувана во член 2.11, општо заострување на казната, каде пристрасноста е предвидена како отежнувачка околност за секое кривично дело (6в).

Други согледувања

- Ако одлучи да покрене обвинение за поттикнување омраза наместо обвинение за кривично дело од омраза, обвинителството може да се соочи со тешкотии во докажувањето на потребните елементи на делото, што може да резултира со ослободителна пресуда по сите обвинениј а.
- Изразот на пристрасност наведен во овој случај всушност се појавува како доказ за потенцијален дискриминаторски мотив за нападите, наместо да претставува кривично дело на поттикнување насилство или омраза.

- Ако обвинителот не успее да докаже поттикнување омраза, добиената и поблага изречена казна де факто ќе придонесе за неказнивост на мотивацијата од пристрасност. Со тоа, пак, не се исполнува законската цел на казнување, според член 42 од кривичниот законик, имено, да се осуди делото, да се одврати и сторителот и другите од извршување на такви дела и да се зголеми свеста на заедницата за опасноста од делото. Таквата несигурност и недоследност може да ја поткопа целта на санкционирањето, која треба да одговара на делата извршени од сторителот и која преку индивидуален пристап за казната, треба да даде информации за санкциите што се бараат/применуваат.
- Кога несоодветните обвинениј а поминуваат судската контрола, се воспоставува судска пракса врз основа на фактички описи кои не одговараат на елементите на наводното кривично дело. Ова може да ја доведе во прашање законитоста и правичноста на постапката, кои се релевантни и за да бидат разгледани пошироко во кривичноправниот систем во целина.

Овој случај во пошироки рамки е илустрација за модел на пракса во земјите каде што одредбите за „поттикнувачки говор“ може да се искористат прекумерно за гонење на кривични дела од омраза. Во насока на избегнување на ваквата погрешна примена на законот, потребни се меѓуинституционални заложби за да се обезбеди дека во сите фази од процесот, односно, од истрагата, кривичното гонење па сè до пресудата, се донесуваат правилни одлуки.

Влијание врз податоците

Во правосудната база на податоци би постоеле податоци за овој предмет според член 163 од кривичниот законик како засебно кривично дело на јавно поттикнување омраза. Оттука ќе се создаде погрешен впечаток за застапеноста на „говорот на омраза“ како кривично дело и за целокупното отсуство на кривични дела од омраза, што потоа резултира со слаби информации при одлуките за политики. Жртвите на кривични дела од омраза и на „говор на омраза“ треба да можат да се потпрат на достапните податоци за да ги разберат своите права и да се справат со очекувањата. Точните податоци се неопходни и за подигнување на свеста кај пошироката јавност за природата и распространетоста на кривичните дела од омраза и на криминализираниот „говор на омраза“.

Потенцијални импликации за жртвите

Во обвинението за кое се определил обвинителот, полициските службеници не се препознаваат како жртви на кривично дело од омраза, и самите полициски службеници биле интервјуирани како сведоци, а не како оштетени

лица. Исто така, важно е да се напомене дека во текот на главната расправа, судечкиот судија ги прашал полициските службеници дали би сакале да истакнат имотно-правно барање како резултат на штетата што им била нанесена.

4.1.2 СЛУЧАЈ 2

Овој случај беше преземен од веб-страницата на Швајцарската федерална комисија против расизмот.[112] Станува збор за случај од Швајцарија, за кој судот постапувал во 2016 година според важечкиот закон.

Кус преглед на случајот

Жена која користела одалка (помагало за движење) побарала од возач да го премести неговиот автомобил за да може да пристапи до спуштениот тротоар и да влезе во продавница. Возачот одбил да го помести своето возило и од прозорецот ѝ се развикал дека „сама треба да си се погрижи за тоа“. Жена случаен минувач ѝ пришла на жената за да ѝ помогне. Возачот почнал да извикува расистички, и поконкретно антиалбански навреди кон жената случаен минувач и ја удрил, нанесувајќи ѝ рана од два сантиметри на лицето.

Одлуката на обвинителството

Органот за кривично гонење делата ги квалификувал како лесна телесна повреда (член 123.1, ст. 1), навреда (член 177, ст. 1) и расна дискриминација (член 261bis, ст. 4). Се тврдело дека кога се користат расистичките изрази за да се прикажат Албанците како луѓе со помала вредност, тоа претставува напад врз човечкото достоинство и дека не е неопходно дискриминираните лица да припаѓаат на „расата“, етничката група или религијата кои им се припишуваат.

Судот го прогласил обвинетиот за виновен по трите обвинението наведени погоре. Му била изречена парична казна што ќе ја плаќа 60 дена по 30.00 швајцарски франци[113] и да ги надомести трошоците за постапката од 510,00 швајцарски франци.

112 Овој случај е преземен од веб-страницата на Федералната комисија против расизам, Швајцарија.
113 Дневна парична казна (‘un jour-amende’) е еднакво на еднодневна затворска казна (член 36 од Кривичниот закон на Швајцарија). Во случај на делумно плаќање на паричната казна, времетраењето на затворската казна се намалува сразмерно на платениот износ. Износот на дневната парична казна го определува судијата.

Коментар

Член 261bis ст. 4 од швајцарскиот Кривичен законик[114] е сложена одредба која содржи и кривични дела од омраза и дела на криминализиран „говор на омраза“ и поради тоа може да претставува предизвик во постапувањето. Одредбата гласи: „Секој кој јавно, преку говор, пишување, слика, гест, напад или на кој било друг начин, деградира или дискриминира на начин што го нарушува човечкото достоинство на лице или група луѓе поради нивната расна, етничка или верска припадност или нивната сексуална ориентација [...] се казнува со казна затвор до три години или парична казна.“ Елементите кои се однесуваат на „јавно“, „говор, пишување, слика и гест“ во првиот дел од одредбата кореспондираат со криминализираниот „говор на омраза“, додека „напад“ може да кореспондира со основното кривично дело за кривично дело од омраза.

Во овој случај, друга релевантна одредба која не се користела за предметот е член 47 од швајцарскиот Кривичен законик, која би можела да се примени во овој случај како одредба за општо заострување на казната: (1) Судот ја одредува казната според вината на сторителот. Ги зема предвид претходното однесување и личните околности на сторителот, како и ефектот што казната ќе го има врз неговиот живот. (2) Вината се оценува според сериозноста на штетата или опасноста по правниот интерес, вината за однесувањето, **мотивите и целите на сторителот** и степенот до кој сторителот, со оглед на личните и надворешните околности, можел да избегне да предизвика опасност или штета.

Исто така, обвинителите можат да ги споделат овие и слични случаи со креаторите на политиките за да ги покажат недостатоците и предизвиците што произлегуваат од моменталната законска рамка на национално ниво. На пример, многу кривични дела од омраза може да не потпаднат под заштитата на член 261bis, став 4 поради условот дека делото треба да биде „јавно“ извршено. Понатаму, опцијата за општото заострување на казната дадена со член 47 не е во согласност со меѓународните стандарди кои се релевантни за законите за кривични дела од омраза кои препорачуваат дека заштитените карактеристики во врска со „мотивот“ треба да се наведат.[115]

Примена на стеблото на одлуки за обвинителот

- Одговорот на двете Прашања 1 и 2 е „да“. Во инцидентот се застапени силни индикатори за пристрасност, непровоцирано насилство и употребен е конкретен јазик/израз за време на нападот.

114 Кривичен закон на Швајцарија, SR 311.0, од 21 декември 1937 (заклучно со 1 јули 2024).
115 За појаснување и дискусија за заштитените карактеристики во законите за кривични дела од омраза, види Дел 2.1.3 од овој водич и ОБСЕ/ОДИХР, Закони за кривични дела од омраза, стр. 46–56.

Веројатно биле присутни и други индикатори за пристрасност, како перцепцијата на жртвата и разликата во етничката припадност помеѓу жртвите и обвинетите.

- Одговорот на Прашањето 3 е исто така „да“. Во инцидентот е вклучен напад, кој и без изразување на пристрасност и понатаму ќе биде кривично дело. Во овој случај, обвинителот треба да ја следи левата страна на стеблото на одлуки за да го одреди типот на кривичното дело од омраза и да ја утврди примената на релевантниот национален закон.
- Прашање 4 (за какво кривично дело се работи?): Основното дело на лесна телесна повреда (член 123.1, ст. 1) се чини дека најдобро се совпаѓа со инцидентот и е една од квалификациите за која се одлучил обвинителот. Двете други обвинението за навреда и расна дискриминација може да не се неопходни, бидејќи навредите се тесно поврзани со нападот и затоа попрецизно се толкуваат како индикатори за мотивираност од пристрасност за нападот, а не како одделни дополнителни дела. Инцидентот, вклучувајќи ја и мотивираноста од пристрасност, се чини дека најсоодветно е да се третира како посериозно дело на напад на расна основа (види точка 6 подолу).
- Точка 5: Индикаторите за пристрасност се идентификувани погоре и доказите треба да бидат достапни преку земени изјави на сведоци, односно од двете жртви: жената што користела одалка и жената минувач која била нападната.
- Точка 6: Релевантната одредба за мотивираност од пристрасност е член 47 од швајцарскиот Кривичен законик, кој може да се примени на овој случај како одредба за општо заострување на казната (6в). Во земји каде што законот за кривични дела од омраза претставува одредба за заострување на казната, а изрекувањето на казната и утврдувањето на вината се одделни фази на постапката, судијата може да одбие да изрече пресуда врз основа на мотивираност од пристрасност ако елементот на пристрасност не е вклучен во доказите за време на фазата на судење. Слично на тоа, во случај на спогодување за вина, мотивираноста мора да биде вклучена во рамките на прифатените факти за да може да се примени заострување на казната. Во земји каде што законите за кривични дела од омраза ретко се користат, може да биде корисно за обвинителите да се осигурат дека во списите на предметот има вклучено јасна анализа за тоа зошто треба да се земе во предвид мотивираноста од пристрасност во одмерувањето на казната. Анализата треба јасно да прецизира дека е присутна расистичка или ксенофобична мотивираност, вклучително и со упатување на меѓународните стандарди, и да се заснова на аргументи кои

покажуваат дека сторителот ја избрал жртвата поради нејзината заштитена карактеристика или дека за време на нападот била искажана пристрасност. Тоа треба да биде доволно за да судот го разгледа делото како кривично дело од омраза.[116]

- Точка 6г: Обвинителите, исто така, може да го користат овој и слични предмети како доказ за потенцијален јаз во националните закони за кривични дела од омраза, кај кои во моментов посебно не е предвидена мотивираноста од пристрасност, како што е расистички или ксенофобичен мотив.

Влијание врз податоците

Како што е објаснето погоре, одредбата што се користела за гонење на инцидентот од овој случај вклучува комбинација на кривични дела од омраза и други кривични дела. Како резултат на тоа, конкретните податоци за кривичните дела од омраза ќе бидат недостапни за властите и креаторите на политиките.

Потенцијални импликации за жртвите

Недостатокот на видливост на кривичните дела од омраза во официјалните податоци и статистиката може да ги попречи напорите во застапувањето за специјализирани служби за жртви или за обука на органите за спроведување на законот и правосудните органи.

4.2. ПРИМЕНА НА ОДРЕДБИТЕ ЗА КРИМИНАЛИЗИРАН „ГОВОР НА ОМРАЗА“ ВО ОТСУСТВО НА РЕЛЕВАНТНИ ОДРЕДБИ ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА

Во услови кога не постојат важечки закони за кривични дела од омраза, обвинителите може да се обидат да ги применат одредбите за криминализиран „говор на омраза“ за постапување по кривично дело од омраза. Иако ова може да биде разбирлива тактика во напорите да се препознае омразата во одредено кривично дело, така се создава и ризик да се поткопаат принципите на законитост и пропорционалност, според кои лицата треба да бидат обвинети за сторените дела согласно на нивното однесување.

116 ОБСЕ/ОДИХР, Постапување по криминал од омраза.

4.2.1 СЛУЧАЈ 3

Случајот е преземен од веб-страницата на Окружните судови на Исланд.[117] Настанот се случил во Рејкјавик во 2016 година и по предметот се постапувало согласно на важечкиот закон.

Кус преглед на случајот

Жртвата, со арапско и муслиманско потекло, работел како обезбедување во продавница. За време на еден поголем инцидент, сторителот, Исланѓанец, ја фатил жртвата за грлото и го давел околу дишните патишта, го удрил со лактот во главата и телото, го турнал настрана и предизвикал да падне на оградата. Тоа било придружено со закани за убиство. Жртвата се здобила со фрактури на ребрата, модринки на градниот кош, повреди на главата и исчашен врат.

За време на инцидентот, сторителот ја пцуел жртвата и рекол дека ќе се погрижи Арапите кои работеле во продавницата да бидат отпуштени. Тој, исто така, рекол: „Вие Арапите не треба да бидете тука и треба да одите во своите домови.“ и ја навредувал жртвата со разни расистички и хомофобични погрдни изрази.

Одлуката на обвинителството

Во времето кога било извршено кривичното дело, во 2016 година, во Кривичниот законик на Исланд[118] не биле вклучени кривични дела од омраза. По предметот се постапувало со примена на член 218 (закана), член 233 (намерен напад) и член 233а (клевета и дела против неповредливоста на приватниот живот).

Коментар

Додека инцидентот се случил во јавност, според членот 233а е предвидено сторителот „јавно да се потсмева, клевети, омаловажува или да се заканува на лице или групи на луѓе со коментари или изрази од друг тип... за нивното етничко потекло, боја, раса, религија...“. Постои разлика во значењето помеѓу „на јавен простор“ и „јавно/отворено“. Вториот термин сугерира дека сторителот дава коментари и се изразува кога јавноста му е целна публика. Во овој случај, се чини дека навредливите коментари биле тесно поврзани со нападот и подобро се разбираат како индикатори за пристрасност, односно навреди и пристрасен јазик насочени кон индивидуалната жртва за време на извршувањето на делото.

117 Веб-страница на Окружни судови на Исланд
118 Општ Казнен закон на Исланд Бр. 19, 12 февруари 1940, 1 март 2004, заклучно со 2016

Земени заедно, фактите за случајот се чини дека подобро се совпаѓаат со квалификацијата за кривично дело од омраза, каде што нападот бил мотивиран од пристрасност кон „расата“ или религијата или верувањето на жртвата. Првиот елемент на кривичното гонење на кривично дело од омраза е нападот (член 218), а за вториот елемент, мотивираноста од пристрасност, треба да се заостри казната и тоа во форма на засебно кривично дело, посебно заострување на казната или општо заострување на казната.

Овој инцидент се случил пред да се воспостави општото заострување на казните во Исланд. Притоа, немало достапна алатка за да се докаже и да се овозможи казнување за мотивираноста од пристрасност. Иако може да биде искушение да се користат други кривични дела, во овој случај член 233а, во обид да се препознае мотивираноста од пристрасност во расистички напад, обвинителите треба да бидат претпазливи при изборот на квалификации кои целосно не ги одразуваат постапките на обвинетиот. Обвиненијата кои не се совпаѓаат со кривичното дело ги поткопуваат пошироките принципи на владеењето на правото, односно, законитоста и пропорционалноста. Онаму каде што не постојат соодветни законски одредби, обвинителите можат да размислат за подигнување на свеста за овие недостатоци што законодавците треба да ги земат предвид во текот на расправите и подготовката на законска регулатива за кривични дела од омраза. Во таа насока, важно е обвинителите да соберат примери за такви случаи и да споделуваат и други податоци преку кои ќе ги информираат креаторите на политиките за типот на законски одредби кои се неопходни за најефикасно и правично гонење на кривичните дела од омраза.

Примена на стеблото на одлуки за обвинителот

- Одговорот на двете Прашања 1 и 2 е „да“. Во инцидентот се застапени силни индикатори за пристрасност, вклучувајќи неиспровоцирано насилство, конкретен јазик/израз што се користел за време на нападот и разлика во етничката припадност помеѓу жртвите и обвинетиот.
- Одговорот на Прашањето 3 е исто така „да“. Во инцидентот е вклучен напад, кој и без изразување на пристрасност и понатаму ќе биде кривично дело. Во овој случај, обвинителот треба да ја следи левата страна на стеблото на одлуки за да го определи типот на кривично дело од омраза и да ја утврди примената на релевантниот национален закон.
- Како што е објаснето погоре, во врска со Прашање 4 (За какво кривично дело се работи?), основните кривични дела се определени според член 218, закана, и член 233, намерен напад. За кривичното дело „клевета и дела против неповредливоста на приватниот

живот“; сепак, како што е објаснето погоре, фактите за случајот не се совпаѓаат со ова обвинение.

- За Точка 5, дури и без правна алатка за постапување по мотивираноста од пристрасност во ова дело, сепак е важно да се соберат докази за мотивот за пристрасност и да се признае неговото постоење за жртвата.[119]
- За Точка 6, во моментот на извршување на кривичното дело, немало достапна алатка за да се претстави пред судот и за да ја прифати мотивираноста од пристрасност. Сепак, обвинителите можат да ја разгледаат точка 6г во стеблото на одлуки и, како што е објаснето погоре, да ги искористат овие примери за да ги нагласат недостатоците во правната заштита за жртвите на кривични дела од омраза.

Влијание врз податоците

Во времето кога било извршено кривичното дело, во Кривичниот законик на Исланд не биле предвидени кривични дела од омраза. Бидејќи гонењето во предметот се вршело со примена на основни кривични дела (закана и напад) заедно со делото клевета, овој предмет нема да биде видлив во ниту еден достапен податок или статистика за кривични дела од омраза.

Потенцијални импликации за жртвите

Ограничената законска рамка за кривични дела од омраза го попречи судот да ја препознае и соодветно да ја казни мотивираноста од пристрасност, одрекувајќи ѝ на жртвата право на ефикасен правен лек. Ваквиот недостаток, исто така, ја ограничува видливоста на кривичните дела од омраза во официјалните податоци и статистика, попречувајќи ги напорите за застапување за специјализирани служби за жртви или обука на органите за спроведување на законот и правосудните органи.

119 Оттогаш Исланд ја има усвоено одредбата за општо заострување на казната: Член. 70 (Поглавје VIII. Фактори што влијаат на тежината на казната), „Кога се одмерува казната, особено ќе се земат предвид следните фактори. [...] 10. Дали извршеното дело може да се припише на етничко или национално потекло, боја, раса, религија, попреченост, родови карактеристики, сексуалност, родов идентитет или други слични фактори.” (на исландски, неофицијален превод).

4.3. КОМБИНИРАНИ СЛУЧАИ: ИНЦИДЕНТИ КОИ ВКЛУЧУВААТ КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА И ДЕЛА НА КРИМИНАЛИЗИРАН „ГОВОР НА ОМРАЗА“

4.3.1 СЛУЧАЈ 4

Случајот е од Лиеж, Белгија од 2023 година и постапувањето во предметот било според важечкиот закон.

Кус преглед на случајот

Во овој случај, семејство обезбедило засолниште на 35-годишен бездомник, нудејќи му место за живеење. Но, како што се сместил, почнал да го менува однесувањето на посебен начин. Изнесувајќи „екстремистички“ верувања, мета во неговите објави на Фејсбук станала малолетната ќерка на семејството, искажувајќи ги неговите намери насилно да се ожени со неа, да ја киднапира и да биде татко на нејзините деца.

Врз основа на изјавите во полиција на таткото и мајката на жртвата, како и од самите објави на осомничениот на социјалната мрежа Фејсбук, обвинетиот тврдел дека бил избран за крал, дека жртвата (на возраст од 17 години) била наменета за него, дека затоа ќе ја направи своја кралица, ќе се ожени со неа, ќе ја преобрати во ислам и ќе има деца со неа, без оглед на противењето на нејзините родители или кој било друг.

Жртвата им кажала на истражителите: „(...) Вчера од татко ми дознав дека на социјалните мрежи има видеа каде осомничениот зборува за мојот идентитет и за неговите планови со мене. Поради тоа, јас сум длабоко шокирана и стравувам за мојот физички интегритет. Се плашам да не налетам на него. Имав неколку прилики да се најдам во групи каде што тој исто така беше присутен (оброци со моето семејство) и бев засегната од неговото однесување. Тој покажа интерес за мене. Тој бил во контакт со мајка ми, но не знам како (...) Денес, од страв, седам со другиот брат (...) Мислам дека осомничениот е луд. Често разговараше сам со себе и понекогаш извикуваше некохерентни работи (војна, заговор...). Немам што друго да додадам, освен дека не сакам повеќе да го видам.“

Таткото на жртвата рекол: „Кога се почувствува поопуштено со мене, неговите коментари станаа неподносливи и стана агресивен. Го исфрлив од мојата куќа и ја сменив шифрата на влезната врата (...) Успеав да снимам некои помалку компромитирачки видеа, но сепак беше застрашувачки (тој е против системот, итн. ...). Поднесов пријава и побарав итна забрана за приближување (...) Се плашам за мојот физички интегритет, како и за мојата ќерка. Тој јасно споменува дека секој што ќе му застане на патот ќе трпи последици (...)“. Таткото потврди сериозно нарушување на неговиот

душевен мир, велејќи: „Тој навистина ме исплаши со неговите зборови (...) Ме преплаши со својата нетрпеливост и ми остави впечаток дека може да повреди некого. Тој за мене е темпирана бомба. Неговите коментари за општеството се застрашувачки. Тоа се само зборови, но тој ме исплаши (...) Ја изгубив довербата и тој ме плаши."

За време на неговото полициско интервју и за време на судењето, обвинетиот ја признал вината за пријавените дејствија и изјави во врска со жртвата, но на сослушувањето на 22 септември 2023 година појаснил: „Мојата намера беше добра. Не сакав да ја исплашам." Тој, исто така, објаснил дека во тоа време му била нарушена душевната состојба, и дека тоа го припишува на прекумерното користење алкохол и дрога.

На неговите фејсбук-профили, тој објавил бројни написи и лични видеа во кои им посакувал смрт на поединци кон кои чувствувал омраза. Од една страна, врз основа на нивното етничко или национално потекло, особено насочено кон бели лица од Западот, Фламанци, Холанѓани и Белгијци, а од друга страна, врз основа на нивната религија, посебно насочено кон христијаните и секој што не го следи исламот. Неговите постапки ескалирале уште повеќе кога непрекинато ги споделувал своите ставови и со националната телевизиска мрежа и со кабинетот на премиерот.

Одлуката на обвинителството

Предметот бил доделен на специјализиран обвинител за кривични дела од омраза/говор на омраза, кој се определил за комбинација на обвиненија за кривични дела од омраза и криминализиран „говор на омраза". Стратегијата за гонење на кривичните дела од омраза се потпирала на градење случај за вознемирување мотивирано од пристрасност, на основ на посебното кривично дело на вознемирување и општата одредба за заострување на казната за да се препознае мотивираноста од пристрасност. Обвинителот го применил членот 78 од белгискиот Кривичен законик[120] за да тврди дека „еден од мотивите на сторителот е омраза, презир или непријателство кон некое лице поради неговата/нејзината наводна раса, боја на кожа, потекло, национално или етничко потекло, националност, род... верско или филозофско уверување..., без разлика дали оваа карактеристика всушност била присутна или само ја претпоставил, или дека еден од неговите мотиви се состоел од вистинска или претпоставена врска помеѓу жртвата и лице кон кое тој негувал омраза, презир или непријателство за некоја или повеќе од горенаведените вистински или претпоставени карактеристики, на штета на БФ (татко на жртвата) и РФ (жртвата)."[121]

120 Кривичен закон на Белгија, заклучно со 2023
121 Наведен како пример за случај од страна на лицата кои дадоа придонес за содржината на водичот, не е наведен изворот

Стратегијата за постапување по делото на „говор на омраза“ се потпирала на градење случај за засебно кривично дело за поттикнување омраза според член 444 од белгискиот Кривичен законик.[122] Врз основа на однесувањето на сторителот со објавување пораки и видеа на социјалните мрежи „посакувајќи смрт на бели луѓе од Западот, односно, Фламанци, Холанѓани и Белгијци во неколку наврати помеѓу 1 мај 2023 и 8 јуни 2023 година“, сторителот беше обвинет за поттикнување омраза или насилство кон група, заедница или нивните членови поради еден од заштитените критериуми наведени во член 4, став 4 од Законот од 30 јули 1981 година.[123]

Коментар

Стратегијата за поднесување обвинение била коригирана затоа што дежурниот обвинител донел брза и добра одлука да го извести колегата кој бил специјализиран за работа на такви предмети. Доколку не го сторел тоа, веројатно е дека конкретните обвинениј наведени погоре никогаш немало да бидат реализирани.

Важно е да се напомене дека обвиненијата кои биле избрани биле потенцијално нецелосни. Осомничениот, исто така, објавувал серија коментари со омраза за ЛГБТИ заедницата, но тие дејствија не можеле кривично да се гонат бидејќи, според Касацискиот суд, тие претставуваат казниви дела во новинарството. Членот 150 од Уставот[124] не дозволува кривичниот суд да расправа по дела во новинарството кои имаат хомофобична природа (исклучокот предвиден во член 150 опфаќа само казниви дела во новинарството од расистичка или ксенофобична природа). За овие хомофобични коментари на Фејсбук, ќе било неопходно предметот да се упати кај поротниот суд, што не било изводливо од практична гледна точка.

Примена на стебло на одлуки за обвинителот

Во овој случај, двете гранки на стеблото на одлуки за обвинителот се релевантни. Прво, се разгледува однесувањето на сторителот кон ќерката во семејството.

- Одговорот на двете Прашања 1 и 2 е „да“. Во инцидентот се застапени силни индикатори за пристрасност, вклучувајќи ја перцепцијата

122 Ibid.

123 Loi tendant à réprimer certains actes inspirés par le racisme ou la xénophobie [Закон за сузбивање одредени дела поттикнати од расизам или ксенофобија], 30 јули 1981, и амандмани, Член 4, 4°: „заштитени критериуми: националност, наводна раса, боја на кожа, потекло или национално или етничко потекло; Член 20 4°: „Ќе се казни со казна затвор од еден месец до една година и парична казна од педесет до илјада евра, или една од овие казни, ако: Лицето, во некоја од околностите наведени во член 444 од кривичниот законик, поттикнува омраза или насилство кон група, заедница или нејзините припадници, поради некој од заштитените критериуми...”, (на француски, неофицијален превод).

124 Устав на Белгија.

на жртвата, разликата во етничката припадност помеѓу жртвите и обвинетиот, и конкретниот јазик/ израз што се користел за време на нападот.

- Одговорот на Прашањето 3 е „да“. Во инцидентот било вклучено тековно вознемирување, кое и без изразување на пристрасност и понатаму ќе биде кривично дело. Во овој случај, обвинителот треба да ја следи левата страна на стеблото на одлуки за да го определи типот на кривично дело од омраза и да ја утврди примената на релевантниот национален закон.
- Прашање 4 (За какво кривично дело се работи?): основното кривично дело вклучува изразување и било квалификувано како вознемирување (4б).
- Точка 5: Индикаторите за пристрасност се идентификувани погоре и доказите биле обезбедени преку земени изјави на сведоци, односно од ќерката и таткото.
- Точка 6: Релевантната одредба за мотивираност од пристрасност е идентификувана како општо заострување на казната, член 78 од белгискиот Кривичен законик, каде пристрасноста е предвидена како отежнувачка околност за какво било кривично дело (6в).

Второ, се разгледуваат елементите на криминализираниот „говор на омраза“ во рамките на инцидентот.

- Одговорот на двете Прашања 1 и 2 е „да“. На неговите профили на Фејсбук била изразувана пристрасност кон одредени етнички и верски групи.
- Одговорот на Прашањето 3 е „не“. Ако се отстрани изразувањето пристрасност од содржината, нема да има квалификувано кривично дело. Како таква, содржината на изразот претставува потенцијално кривично дело. Во овој случај, обвинителот треба да ја следи десната страна на стеблото на одлуки за да ја утврди метата на изразот (7), која се чини дека е пошироката јавност, како и премиерот (7в), и намерата на изразот, кој е утврден во точките 8а, 8в, 8в и 8г. Во овој предмет, обвинителот го квалификувал изразот како поттикнување омраза според член 444 од белгискиот Кривичен законик (8г).

Влијание врз податоците

Бидејќи полицијата не ја регистрирала правилно пријавата како кривично дело од омраза и криминализиран „говор на омраза“, предметот нема да се појави како таков во полициската статистика. Сепак, на правосудно ниво се направени корекции.

Потенцијални импликации за жртвите

Изјавите на жртвата и нејзиното семејство укажуваат дека однесувањето на сторителот било многу вознемирувачко, со сериозно влијание врз нивната благосостојба. Постапувањето на обвинителите и исходот од судската постапка[125], им овозможи одредено олеснување и враќање на чувството на безбедност.

4.4. СПРАВУВАЊЕ СО ДЕЛА НА ВЕРБАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА И ГОВОР НА ГРАНИЦАТА СО КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА И „ГОВОР НА ОМРАЗА“

4.4.1 СЛУЧАЈ 5

Случајот е од Будимпешта, Унгарија од 2021 година и кривичното гонење било според важечкиот закон.

Кус преглед на случајот

Една вечер, геј двојка се шетале низ центарот на Будимпешта. Додека се шетале, еден маж ги следел, извикувајќи хомофобични навреди и им рекол: „Ќе ве стигнам и ќе ве претепам.“ Двојката се обидела да побара засолниште во продавница што работела и дење и ноќе, но, мажот успеал да ги стигне. Тие се обиделе да влезат во продавницата, и едниот од нив му го блокирал патот на сторителот кој тргнал по нив. По куса размена на зборови, сторителот со тупаница удрил една од жртвите во пределот на лицето и го фатил за вратот. Пред продавницата стоела група од тројца луѓе кои му давале поддршка на сторителот, и само едно лице меѓу нив се обидело да ги одбрани жртвите кога сторителот го фатил едниот за врат. Во меѓувреме пристигнала првата полициска патрола, бидејќи жртвите неколку пати се јавиле на линијата за итни случаи. Еден од членовите на групата кои биле пред продавницата ја повлекол за коса едната од жртвите во присуство на полициската патрола и коментирал дека жртвата е „геј“.

Одлуката на обвинителството

Жртвите се јавувале на телефонската линија на полицијата неколкупати, додека човекот ги следел, а исто така и додека чекале во продавницата на плоштадот Колоси. Најпрво ги советувале да застанат и да ја почекаат полицијата, но кога сторителот продолжил да биде агресивен кон нив, жрт-

125 Обвинетиот беше прогласен за виновен за сите кривични дела и казнет на 20 месеци, вклучително и 10 месеци во затвор. Исто така, му беше изречена наредба за задолжително лекување и забрана за контакт со жртвите и забрана да живее во истото село пет години.

вите продолжиле по патот. Жртвите постојано се јавувале на телефонската линија на полицијата за време на нападот пред продавницата. Врз основа на пријавата поднесена од страна на една од жртвите била започната постапка, а полицијата го истражувала случајот како прекршок со напад. Здружението „Хатер“, кои обезбедувале правна и практична поддршка за жртвите на кривични дела од омраза, побарале истрагата да продолжи за кривично дело од омраза со насилство врз припадник на заедницата. Како резултат на тоа, полициската служба за III округ во Будимпешта ја префрлила кривичната постапка во Одделот за криминалистички истраги на полициската служба во Будимпешта, како надлежни за водење постапка. Здружението „Хатер“ морало да побара информации за чекорите преземени во текот на постапката, бидејќи не биле обезбедени никакви информации откако истрагата била префрлена во полициската служба на Будимпешта.

Обвинетиот во овој предмет бил обвинет за нарушен јавен ред и мир (вандализам) според Дел 339 од кривичниот законик од 2021.[126] На обвинетиот му била изречена парична казна (300.000 унгарски форинти или приближно 790 евра).

Коментар

Фактите на случајот укажуваат дека инцидентот претставувал кривично дело од омраза со насилство врз припадник на заедница. Постоеле индикатори за пристрасност, а полициската служба за III округ на Будимпешта го прифатила барањето на здружението „Хатер“ да се префрли предметот кај надлежен орган. За да се поднесе обвинение за „нарушен јавен ред и мир“, составен елемент на кривичното дело е да се покаже однесување кое може да предизвика гнев или страв од опасност кај другите и притоа нема директни жртви. Доколку кривичното дело било квалификувано според Дел

126 Дел 339 (нарушување на јавниот ред и мир) од Кривичниот закон на Унгарија, заклучно со 2021 (на унгарски, неофицијален превод): „(1) Оној кој покажува очигледно антисоцијално и насилно однесување со намера да предизвика гнев или страв од опасност кај други луѓе, се смета за виновен за дело кое е казниво со казна затвор не подолга од две години, доколку таквото дело не резултирало во посериозно кривично дело.
(2) Казната за кривичното дело ќе биде затвор не повеќе од три години ако нарушувањето на јавниот ред и мир е извршено:
а) во банда;
б) на начин што сериозно го нарушува јавниот мир;
в) преку покажување смртоносно оружје;
г) преку носење смртоносно оружје, или
д) на јавен настан.”

216, насилство врз припадник на заедница[127], лицата кои се мета во овој случај ќе можеле да го остварат правото на учество во постапката како жртви.

Примена на стеблото на одлуки за обвинителот

- Одговорот на двете Прашања 1 и 2 е „да“. Во инцидентот се застапени силни индикатори за пристрасност, вклучувајќи ја перцепцијата на жртвата, непровоцирано насилство, и конкретниот јазик/израз што се користел за време на нападот.
- Одговорот на Прашањето 3 е „да“. Во инцидентот бил вклучен напад, кој и без изразување на пристрасност и понатаму ќе биде кривично дело. Во овој случај, обвинителот треба да ја следи левата страна на стеблото на одлуки за да го определи типот на кривично дело од омраза и да ја утврди примената на релевантниот национален закон.
- Како што е објаснето погоре, во врска со Прашање 4 (За какво кривично дело се работи?), основните кривични дела треба да се квалификуваат според Дел 216, насилство врз припадник на заедница.
- За точка 5: Индикаторите за пристрасност се идентификувани погоре и доказите треба да бидат достапни преку дадени изјави од сведоците, односно, двете жртви и случајните минувачи присутни за време на нападот.
- За точка 6: Обвинителот може да поднесе обвинение според член 216, потежок облик на делото, насилство врз припадник на заедница, во моментот на извршување на кривичното дело, коешто е засебно кривично дело од омраза (6а.)

Влијание врз податоците

Бидејќи истрагата и гонењето не се спроведени за кривично дело од омраза, делото нема да биде евидентирано како кривично дело од омраза и нема да биде видливо како кривично дело од омраза во податоците или статистиката за кривични дела од омраза.

Потенцијални импликации за жртвите

За целите на одредено истражување, здружението „Хатер“ интервјуирало една од жртвите во ноември 2022 година. Судската постапка имала сериоз-

127 Дел 216 (Насилство врз припадник на заедница) од Кривичниот закон на Унгарија од 2021 (на унгарски, неофицијален превод): „(1) Оној кој поради фактот што кон друго лице, за кое вистински или претпоставено припаѓа на национална, етничка, расна или верска група или друга група во општеството, особено поради неговата попреченост, родов идентитет или сексуална ориентација, јасно покажува антисоцијално однесување што може да создаде страв од опасност кај припадниците на таа група, е виновен за кривично дело и ќе се казни со затвор во траење до три години.”

но влијание врз него, со депресија во одредени периоди. Непостапувањето на полицијата и недостатокот на соодветни информации го направиле да се почувствува дека „неговата пријава е ставена во фиока и оставена таму“. Тој не добил соодветни информации за постапката. Полициските службеници не покажале никаква емпатија кон него. Тој сметал дека неговиот предмет е „тема на која посветиле само пет минути“ пред сите да продолжат да си работат нешто друго. Тој го загубил статусот на жртва во судската постапка и не бил информиран за обвиненијата. Тој и неговите правни застапници дознале за ставот на обвинителската служба за време на судската расправа, без да добијат претходно известување. Тој рекол дека како резултат на тоа ја изгубил довербата во кривичноправниот систем. Во општи црти, погрешното квалификување на кривичните дела од омраза ја ограничува нивната видливост во официјалните податоци и статистика, попречувајќи ги напорите за застапување за специјализирани служби за жртви или за обука на органите за спроведување на законот и правосудните органи.

4.4.2 СЛУЧАЈ 6

Овој случај е преземен од Извештајот за кривични дела од омраза и кривични дела против постари лица за 2010-2011[128] година на Кралската обвинителска служба на Англија и Велс. Настанот се случил во Западен Јоркшир, Англија и постапувањето било според важечкиот закон.

Кус преглед на случајот

Тројца мажи со интелектуална попреченост и нивниот асистент биле во центарот на градот кога им пришол маж, обвинетиот, кој од нив побарал пари. Кога одбиле да му дадат пари, обвинетиот станал многу агресивен и почнал да им вика, користејќи навреди поврзани со нивната попреченост. Асистентот ги охрабрил тројцата мажи да одат во блиската црква, а потоа повикал полиција. Обвинетиот ги следел мажите до црквата, но таму асистентот го видел и потоа полицијата го уапсила под сомнение за посериозно прекршување на јавниот ред и мир на основ на попреченост според дел 4а. Полицијата зела изјава од сведокот, односно, од асистентот. Не биле земени изјави од тројцата мажи бидејќи биле премногу вознемирени.

Одлуката на обвинителството

На сторителот му било поднесено обвинение според дел 4а од Законот за јавен ред од 1986 година во моментот на извршување на кривичното дело. Обвинетиот се изјаснил дека е невин, но по судската постапка добил

128 Извештај за кривични дела од омраза и кривични дела против постари лица за 2010-2011, Кралска обвинителска служба на Англија и Велс, 2011, стр. 28.

осудителна пресуда и бил казнет со мерка 12-месечна општокорисна работа во заедницата со 12-месечен надзор, како и посетување на шестмесечен курс за лекување од алкохол. За време на рочиштето за изрекување казна, обвинителот ги следел националните упатства за да го привлече вниманието на судот кон релевантниот закон, овозможувајќи му на судот да се прифати отежнувачкиот фактор „омраза кон лицата со попреченост“ во одлуката за изречената казна.

Коментар

Во овој предмет треба да се разгледаат неколку аспекти. Дел 4А од Законот за јавен ред од 1986 година,[129] намерно предизвикување вознемирување, страв од опасност или немир, е основно кривично дело и го предвидува следново:

„Лицето е виновно за кривичното дело ако, со намера да предизвика вознемирување, страв од опасност или немир кај лицето,

(а) користи заканувачки, погрдни или навредливи зборови или однесување, или неприфатливо однесување, или

(б) прикажува во писмена форма, со знак или друг видлив начин нешто што е заканувачки, погрдно или навредливо,

и со тоа ќе предизвика вознемиреност, страв од опасност или немир.

Во овој инцидент обвинетиот им викал на тројцата мажи бидејќи не му дале пари. Потоа ги следел до црквата каде што тие сакале да се скријат на безбедно место.

Обвинетиот, исто така, извикувал погрдни изрази и навреди кон мажите поради нивната попреченост, и покажал непријателството поради нивната попреченост во времето на извршување на основното дело за нарушување на јавниот ред и мир. За овој предмет се применил Дел 66 од Законот за изрекување казна од 2020 година (s.66 SA)[130]. Релевантната формулација е како што следува,

„Дел 66 Непријателство

Овој дел се применува кога судот ја разгледува сериозноста на кривично дело во кое е покажано

129 Обединето Кралство, Закон за јавен ред 1986, Дел 4А.
130 Релевантен закон во тоа време беше Дел 146 од Законот за кривична правда 2003, кој потоа беше инкорпориран во Законот за одмерување казна 2020

...

(в) непријателство поврзано со попреченост,

...

Тоа е предмет на подделот (3).

(2) Судот -

мора да го земе предвид фактот дека станува збор за потежок облик на дело поради изразено непријателство од било кој тип како отежнувачки фактор, и

мора да го изнесе таквиот потежок облик на делото на јавна судска расправа.

...

За целите на овој дел, потежок облик на дело на основ на изразено непријателство од еден од споменатите типови во потточка (1) е ако:

(а) во моментот на извршување на делото, или непосредно пред или потоа, сторителот покажал кон жртвата на делото непријателство врз основа на:

...

(iii) попреченост (или претпоставена попреченост) на жртвата,

...

(б) делото било мотивирано (целосно или делумно) од

...

(iii) непријателство кон лица кои имаат попреченост или одреден тип на попреченост,

...

За целите на ставовите (а) и (б) од поддел (4), се смета дека во дадени околности не е важно дали непријателството на сторителот е исто така засновано, и до кој било степен, на кој било друг фактор што не е споменат во тој став.

.....

(6) Во овој дел –

.....

(г) „попреченост“ значи какво било физичко или душевно нарушување;

.....

(ѓ) „претпоставено“ значи претпоставено од страна на сторителот.

Во овој предмет, и двата елемента на кривично дело од омраза се застапени, основното кривично дело и мотивираноста од пристрасност.

Вториот аспект се однесува на тоа како судот го применил заострувањето на казната. Ако сторителот признае вина за основното кривично дело, но го одрекува елементот за кривично дело од омраза, обвинителот има должност да се повика на доказите за да го докаже елементот од кривичното дело на омраза според кривичниот стандард. Само откако обвинетиот ќе даде признание за елементот на кривично дело од омраза или ако обвинителот тоа го докаже, судот може да се повика на дел 66 SA од 2022 година за да се заостри казната за сторителот.

- Прво, судот мора да ја пресмета (користејќи ги релевантните упатства за одмерување на казна) соодветната казна доколку не постоела мотивираност од пристрасност и тоа да го изнесе на јавна судска расправа;
- Второ, судот мора да ја пресмета соодветната казна, земајќи го предвид дополнителниот отежнувачки фактор на мотивот за пристрасност и тоа да го изнесе на јавна судска расправа како казна што ќе му биде изречена на обвинетиот.

Примена на стеблото на одлуки за обвинителот

- Одговорот на двете Прашања 1 и 2 е „да“. Во инцидентот се застапени силни индикатори за пристрасност, преку конкретниот јазик/израз што се користел за време на инцидентот.
- Одговорот на прашањето 3, „Дали инцидентот е кривично дело ако пристрасните изрази се отстранат?“, го става инцидентот на границата на кривичното дело од омраза и криминализираниот „говор на омраза“. Обвинетиот им извикувал и ги следел тројцата мажи со интелектуална попреченост, што само по себе може да значи „намера да се предизвика вознемиреност, страв од опасност или немир кај некое лице“. Навредите на основ на нивната попреченост кои биле дел од вознемирувањето се исто така релевантни за прашањето дали делото одговара на однесувањето

на обвинетиот. Оттука, обвинителот има можност да разгледа дали содржината на целиот израз претставува кривично дело.

- Следејќи го стеблото на одлуки, надолу по десната страна, одговорот на прашањето 7, „Кон кого е упатен говорот?“, дава комбинација од поединечни мети (7а) и конкретна целна група (7б).
- Во одговор на прашањето 8, однесувањето најдобро се вклопува во описот за 8б „погрдно, што создава страв од опасност и немир“, што се граничи со делата „нарушување на мирот“, „неред“ и во овој случај, „јавниот ред“. Важно е да се напомене дека, во зависност од точните факти и околности на случајот и достапниот закон, обвинителите може да размислат за обвинение како што се закани или вознемирување или навреди заедно со нарушување на мирот, редот и други слични дела.
- За точка 6, обвинителот се определил пред судот да претстави општо заострување на казната, коешто и било применето.

Влијание врз податоците

Упатствата за обвинителите во Англија и Велс во однос на евидентирање на предметите овозможува овој и слични инциденти да се евидентираат како кривични дела од омраза поради попреченост, иако во националниот кривичен законик нема засебни кривични дела од омраза поради попреченост. Тоа е особено позитивен пристап бидејќи инцидентот ќе биде видлив во податоците за успешноста во работата на обвинителството и, исто така, е наведен во годишниот извештај за кривични дела од омраза на Кралската обвинителска служба.

Потенцијални импликации за жртвите

Правилната истрага, евидентирање и кривично гонење за сите елементи на кривичните дела од омраза поради попреченост треба да придонесе и за зголемена видливост на искуствата на жртвите на национално ниво. Потребите за пристапност на жртвите со интелектуална попреченост во однос на давањето изјава и, каде што е соодветно, давањето докази, исто така, треба да се разгледаат во националните политики, упатства, обуки и пракса.

5. Импликации поврзани со пристапот до правда и поддршката за жртвите

Во ова поглавје се опфатени неколку принципи, врз основа на упатствата на ОДИХР, кои националните власти треба да ги земат предвид со цел да се обезбеди заштита, поддршка и пристап до правда за жртвите на кривични дела од омраза.

Прво, случаите на кривични дела од омраза и жртвите на кривичните дела од омраза треба да се идентификуваат колку што е можно во пораните фази на процесот и жртвите на кривични дела од омраза да се препознаат како такви. Тоа ќе помогне да се идентификуваат случаите на кривични дела од омраза и жртвите на кривични дела од омраза колку што е можно порано во рамките на процесот.

Второ, треба да се гарантира дека жртвите на кривични дела од омраза можат да побараат заштита и поддршка како последица на штетата што ја претрпеле.

Конечно, треба да се обезбеди дека жртвите на кривични дела од омраза можат да бидат сослушани за време на кривичната постапка, да учествуваат или да имаат пристап до кривичната постапка со цел да го презентираат влијанието што кривичното дело го имало врз нив и да биде донесена одлука за надомест на штета од страна на сторителот.[131] Обвинителите играат главна улога за заживувањето на овие принципи во пракса. Затоа, точната квалификација на кривичните дела од омраза е од суштинско значење, и на тој начин жртвите ќе добијат пристап до овие предности и права.

Доколку делата што треба да се гонат како кривични дела од омраза се погрешно квалификувани, на пример, како основни кривични дела без мотивираност од пристрасност или „поттикнувачки говор“, тоа може да има сериозни импликации врз жртвите. Тоа може да влијае на правото на жртвите на ефективна истрага, на пристапот до поддршка, и на нивното право на учество. Кога делото се квалификува како основно кривично дело, без да се вклучи мотивираноста од пристрасност како дел од обвинението, на тој начин се одрекува правото на жртвата на ефективна истрага преку која

131 ОБСЕ/ОДИХР, Жртвите на кривични дела од омраза во кривичноправниот систем, Поглавје 3.

треба да се разоткрие мотивираноста од пристрасност. Доколку делото по кое треба да се постапува како кривично дело од омраза, на пример, се гони како дело на поттикнување омраза или насилство, тоа може да ги оддалечи жртвите од нивните права, ако, на пример, тие не можат да покажат дека им била нанесена директна штета со однесувањето.

Во земјите членки на ЕУ, правата на сите жртви на секој вид на кривично дело се утврдени со Директивата на ЕУ за правата на жртвите.[132] Имено, за жртвите ќе се обезбеди „навремена и индивидуална проценка" за да се утврдат посебните потреби за заштита поврзани со ранливоста на секундарна и повторена виктимизација, заплашување или одмазда.[133] Посебно внимание при индивидуалната проценка се посветува на некои категории на жртви. Во таа насока, на пример, соодветно внимание ќе се посвети на жртвите на кривични дела од омраза. Директивата на ЕУ за правата на жртвите, исто така, предвидува право на преглед на одлуката да не се поднесе обвинение, согласно на улогата што ја има жртвата во релевантниот систем на кривичната правда.[134]

Конечно, од суштинска важност е да се обезбедува тековна обука за обвинителите, со придонес од организациите за поддршка на жртвите за да се сензибилизираат обвинителите за посебните потреби на жртвите на кривични дела од омраза, како и да се избегне нивна повторна или секундарна виктимизација за време на фазата на истрага и последователните постапки.

5.1. ПРАВО НА ЕФИКАСНА ИСТРАГА

Член 14 (забрана за дискриминација) од Европската конвенција за човекови права[135] во врска со член 2 (право на живот) за органите на кривичната правда предвидува должност во рамките на постапката соодветно да ги истражат и разоткријат можните дискриминаторски мотиви при извршу-

132 Директива 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 за воспоставување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртви на кривични дела и замена на Рамковната одлука 2001/220/ЈХА (ЕУ Директива за правата на жртвите), OJ L 315, 14 ноември 2012, стр. 57–73.

133 Член 22 од ЕУ Директива за правата на жртвите предвидува дека жртвите ќе добијат „навремена и индивидуална проценка, според националните процедури, за да се идентификуваат посебните потреби за заштита и да се определи дали и до која мера тие би имале корист од посебни мерки во текот на кривичната постапка, како што е наведено во член 23 и 24, поради посебната ранливост на секундарна и повторена виктимизација, заплашување или одмазда" и дека „особено внимание ќе се посвети на жртвите кои... страдале од кривично дело извршено од мотив на пристрасност или дискриминација, што би можело да е поврзано со нивните лични карактеристики; ...Во тој поглед, жртвите на... кривични дела од омраза, ...ќе бидат соодветно земени предвид."

134 Член 11 од ЕУ Директива за правата на жртвите — Права во случај на одлука да не се покрене обвинение

135 Европска конвенција за човекови права

вањето на делото.[136] Од аспект на праксата, тоа значи дека целосните докази за мотивот мора да се истражат и изнесат пред судот, вклучително и кога омразата се разгледува само во контекст на заострување на казната. Оваа должност е проширена да важи и за член 14 во врска со член 3 (забрана на тортура и нечовечко и понижувачко постапување)[137] и 8 (право на почитување на приватниот и семејниот живот).[138]

5.2. ПРИСТАП ДО ПОДДРШКА

Правата на заштита и поддршка за жртвите на кривични дела од омраза вклучуваат итна медицинска помош, психолошко советување, правна помош и безбедно сместување. Во „Упатствата на ОДИХР“ дадени се голем број препораки до надлежните државни органи со цел да се обезбеди целосен и ран пристап до поддршка за жртвите.[139] Жртвите на кривични дела од омраза треба особено да се препознаваат како посебна и особено ранлива категорија на жртви, во законот и/или политиките. Тоа вклучува и утврдување на дефиниција за жртва на кривично дело од омраза и дефинирање на критериуми за ран пристап до заштита и специјалистичка поддршка. Тоа подразбира дека жртвите треба да ги имаат овие права без разлика дали го пријавуваат кривичното дело и без разлика дали по предметот се постапува преку кривичноправен процес. Во однос на земјите на ЕУ, според член 8 од Директивата на ЕУ за правата на жртвите,[140] пристапот до услугите за поддршка не зависи од тоа дали жртвите формално ќе поднесат пријава за кривично дело до надлежен орган.

Обвинителите треба да бидат свесни дека, иако жртвите може да имаат право на поддршка дури и без формално да поднесат пријава, неколку фактори можат да го ограничат нивниот пристап до тоа право. Прво, полицијата и другите органи кои првично се во контакт со жртвите на кривични дела од омраза може да не бидат информирани дека постојат или може да пропуштат да ги информираат жртвите дека се достапни услугите за поддршка. Покрај тоа, може да има недоволно упатување до специјализирани служби за поддршка, придружено со многу ограничена достапност на овие специјализирани услуги за жртвите на кривични дела од омраза.[141] Обвинителите можат да имаат важна улога во проверката дали жртвите

136 *Nachova and Others v. Bulgaria*, Бр. 43577/98 и 43579/98, ЕСЧП, 6 јули 2005; Разоткривање на мотивот на пристрасност во кривични дела: избрани предмети на Европскиот суд за човекови права, FRA, 2018.
137 *Bekos and Koutropoulos v. Greece*, Бр. 15250/02, ЕСЧП, 13 декември 2005.
138 *Balázs v. Hungary*, Бр. 15529/12, ЕСЧП, 20 октомври 2015.
139 ОБСЕ/ОДИХР, Жртвите на кривични дела од омраза во кривичноправниот систем, Поглавје 3.
140 ЕУ Директива за правата на жртвите
141 Состојбата со структурите за поддршка и специјализирани услуги за жртвите на кривични дела од омраза, Основен извештај, ОБСЕ/ОДИХР, 22 октомври 2020.

се упатени до службите за поддршка и во проценката и исполнувањето на релевантните потреби за пристап или заштита.[142]

5.3. ПРИСТАП ДО ПРАВОТО НА УЧЕСТВО

Во „Упатствата на ОДИХР“ се дадени голем број препораки до надлежните државни органи кои имаат за цел да се обезбедат права на жртвите како странки во постапката, кога тоа е загарантирано во националното законодавство. Жртвите на кривични дела од омраза, исто така, треба да имаат ефективен и ран пристап до кривичната постапка за да им се овозможи, во најмала рака, да ја презентираат штетата што ја претрпеле и да се донесе одлука за надомест на штета.

Во системите на англосаксонското право, правата на постапка и учество за жртвите на кривични дела од омраза обично се ограничени. Државата постапува по кривичните дела, а жртвите обично немаат право директно да учествуваат во постапките. Сепак, жртвите можат да сведочат и да поднесат изјави за влијанието за време на изрекувањето на казната. Пример за тоа е канадскиот Закон за правата на жртвите,[143] кој им овозможува на жртвите да сведочат и да бараат обештетување без директно учество во кривичното гонење.[144]

Спротивно на тоа, во системите со континентално право, жртвите често имаат поголеми права на учество, што им овозможува да дејствуваат како оштетена страна, да се приклучат на гонењето и да бараат обештетување. На пример, во Германија, жртвите на насилни кривични дела можат да се приклучат како приватни тужители, со право да учествуваат во судењето и да влијаат на постапката.[145]

Навраќајќи се на студијата на случај во Дел 4.4.1, она што се чинеше дека е мотивирано од пристрасност против геј двојката беше квалификувано како нарушен јавен ред (вандализам) според Дел 339 од кривичниот законик. За обвинението за „нарушен јавен ред“, составен елемент на кривичното дело е да се покаже однесување кое може да предизвика гнев или страв од опасност кај другите и притоа нема директни жртви. Со ова обвинение жртвите изгубиле секаков пристап до правдата и процесните права. Доколку кривичното дело било правилно квалификувано според член 216, насилство врз припадник на заедница, лицата кои биле мета во овој случај би имале пристап до овие права.

142 ОБСЕ/ОДИХР, Жртвите на кривични дела од омраза во кривично- правниот систем, стр. 112.
143 Канадски закон за правата на жртвите.
144 ОБСЕ/ОДИХР, Жртвите на кривични дела од омраза во кривично- правниот систем, стр. 136.
145 Ibid., стр. 137.

6. Податоци и креирање политики

Како што е објаснето во Поглавје 1, правилната квалификација на кривичните дела од омраза од страна на обвинителите ќе доведе до нивна подобра видливост во статистиката, политиките, полициската евиденција и податоците на ОДИХР за пријавување, како и до подобрен стратешки одговор од страна на националните власти, особено обвинителските служби. Со неправилна квалификација на кривичните дела се добиваат податоци за истрагата и гонењето коишто создаваат погрешна претстава за природата, степенот и обемот на кривичното дело од омраза, што потоа доведува до погрешни политики, и погрешен правен одговор и пракса. Во пракса, тоа може да доведе до тоа што во ангажманот на заедницата нема да се даде приоритет на службите за заштита на жртвите.

Органите за спроведување на законот, обвинителството и судовите треба да работат заедно за да идентификуваат дали и како случаите на кривични дела од омраза се погрешно евидентирани и погрешно квалификувани како случаи на „говор на омраза“, вклучително и други грешки. Кога во националниот закон се користи општо заострување на казната за да се препознае мотивираноста од пристрасност во кривичните дела од омраза, треба да се воспостават посебни системи за означување за да се обезбеди колку што е можно поскоро евидентирање на потенцијалните кривични дела од омраза. Тоа може да се спроведува како меѓуинституционален преглед на предметите, во рамките на кој се разгледува и поддршката за и комуникацијата со жртвите, и во идеални услови тоа треба да се координира од страна на специјализирани практичари, кои притоа ќе ги користат позитивните практики на колегите од други држави. Преку наодите би можело да се добијат информации за да стратешки се постапува во идентификувањето на потребите за обука, како и на недостатоците во законодавството и политиките. За таа цел, може да се користат протоколи на одредени институции и меѓуинституционални протоколи кои се поддржани од високото раководство на соодветните институции.[146]

146 За повеќе детали како да се воспостави систем на стандардизирани процедури за евидентирање на кривични дела од омраза, упати се на ОБСЕ/ОДИХР, Механизми за собирање податоци и мониторинг на кривични дела од омраза; види исто ОБСЕ/ОДИХР, Збирка алатки за информации за кривични дела од омраза (INFAHCT)

Во зависност од институционалниот контекст, онаму каде што за законите за кривични дела од омраза расправа парламентот, обвинителите можат да имаат улога преку споделување докази за недостатоци во законот, вклучително и за јазови во нивните „алатки“ за гонење. На пример, во тие докази може да се вклучат предмети кои не би можеле да се гонат бидејќи одредени групи сè уште не се заштитени со законите за кривични дела од омраза. Информациите што ќе ги споделат обвинителите, исто така, може да укажат на предизвици во собирањето докази и ефективно да се насочи вниманието на судот кон можноста да се применат општи заострувања на казните.

Поради тоа што „поттикнувачкиот говор“ е од сложена и сензитивна природа што привлекува големо внимание, и заради потребата да се почитуваат основните права на слобода на изразување, за да се постигне правна сигурност, честопати има потреба ваквите предмети да ги разгледуваат повисоките судови. За таа цел може да биде потребно посебно лидерство од страна на органите на обвинителството за да предметите стигнат до судовите, каде што е соодветно, со цел да се добијат овие насоки. Засегнатите страни, како што се директните жртви и погодените заедници, ќе треба целосно да се консултираат за да се одговори на нивните очекувања.

7. Препораки

Како што беше нагласено во овој водич, кривичните дела од омраза и криминализираниот „говор на омраза“ се разликуваат од концепциски, правен и практичен аспект. Тоа претставува една комплексна област на пракса, во која се неопходни јасни законски рамки, насоки и обука за сите кои се вклучени во идентификување и одговор на кривичните дела од омраза и криминализираниот „говор на омраза“, а особено онаму каде има вкрстувања во овие области. Обвинителот има централна улога во овие заложби. Ова поглавје дава преглед на клучните точки опфатени во водичот коишто се корисни за практичарите и креаторите на политики и се надополнуваат на постојните упатства за:

- Подготовка и спроведување на закони за кривични дела од омраза;[147]
- Креирање на сеопфатни политики и услуги за поддршка на жртвите;[148]
- Обука, политики и процедури во поддршка на ефикасното гонење на кривичните дела од омраза;[149] и
- Спроведување на рамките за евидентирање на кривични дела од омраза и собирање податоци.[150]

Законодавци

- Ревидирање на постојното законодавство за кривични дела од омраза во насока на 1) обезбедување сеопфатна, јасна и конзистентна правна рамка за кривичните дела од омраза, овозможувајќи им на обвинителите и судовите да ја препознаат мотивираноста од пристрасност во сите кривични дела од омраза и соодветно да изречат санкции; и 2) јасно разликување на

147 ОБСЕ/ОДИХР, Закони за кривични дела од омраза
148 ОБСЕ/ОДИХР, Жртвите на кривични дела од омраза во кривично- правниот систем
149 ОБСЕ/ОДИХР, Постапување по криминал од омраза
150 За повеќе детали како да се воспостави систем на стандардизирани процедури за евидентирање на кривични дела од омраза, упати се на ОБСЕ/ОДИХР, Механизми за собирање податоци и мониторинг на кривични дела од омраза; види исто ОБСЕ/ОДИХР, Збирка алатки за информации за кривични дела од омраза (INFAHCT)

кривичните дела од омраза и одредбите за криминализиран „говор на омраза“.

Креатори на политики

- Да се обезбеди координација помеѓу поголем број на засегнати страни, вклучувајќи ги и органите за кривично гонење и адвокатите кои работат на предмети со кривични дела од омраза, кога се подготвуваат и спроведуваат сеопфатни политики и стратегии за кривични дела од омраза, за да се зголеми ефикасноста на одговорот на кривичните дела од омраза на национално ниво.
- Одвојување на кривичните дела од омраза и криминализираниот „говор на омраза“ во релевантните национални стратегии, акциски планови и политики, како што се националните акциски планови против расизмот и кривичните дела од омраза.
- Да се обезбеди воспоставување на ефикасни политики за органите за спроведување на законот, обвинителите и судовите во насока на евидентирање на кривичните дела од омраза и криминализираниот „говор на омраза“ како одделни кривични дела.

Органи за спроведување на законот и кривично гонење

- Ревидирање на постојните стандардни оперативни процедури што ги споделуваат полицијата и обвинителите за да се земат предвид практичните импликации идентификувани во овој водич, вклучително и како правилно да се направи разлика помеѓу кривично дело од омраза и криминализиран „говор на омраза“.
- Да се разгледа примената и приспособувањето на стеблото на одлуки за обвинителите, претставено во овој водич, за да се примени на национално ниво.
- Поддршка за тесната координација помеѓу органите за спроведување на законот и обвинителската служба.
- Да се разгледа спроведувањето на централизиран одговор на упатените кривични дела од омраза и криминализиран „говор на омраза“, што е поддржано од мрежа на обучени специјалисти.
- Вклучување на главните потреби и права на жртвите во текот на истрагата и судскиот процес.
- Користење примери од предмети и податоци за да се истакнат недостатоците во националната правна рамка кои се однесуваат на кривичните дела од омраза и истите да се споделат за време на релевантните процеси на креирање политики и закони.

Партнерски меѓувладини организации

- Меѓувладините организации со мандат да работат на планот на „говорот на омраза“ треба да размислат за надградување на овој водич во насока на изработка на комплементарни упатства за гонење на криминализиран „говор на омраза“.

Граѓанско општество

- Примена на овој водич во тековните активности за застапување, поддршка на жртвите и градење капацитети за да се обезбедат соодветни и ефективни закони, политики и пракса во оваа област.

Анекс: Меѓународни стандарди и ресурси за криминализиран „говор на омраза“

МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ

Член 20(2) Меѓународен пакт за граѓански и политички права (МПГПП)[151]

Секое застапување на национална, расна или верска омраза што претставува поттикнување на дискриминација, непријателство или насилство е забрането со закон.

Меѓународна конвенција за елиминација на расната дискриминација (ИЦЕРД), член 4 [152]

Државите членки (а) ќе прогласат кривично дело казниво со закон... поттикнување на расна дискриминација, како и сите дела на насилство или поттикнување на такви дела против која било раса или група лица од друга боја или етничко потекло...

Рамковна одлука 2008/913/ЈНА на Европскиот совет за борба против одредени форми и изразување на расизам и ксенофобија со помош на кривичното право.[153]

Секоја земја членка ќе ги преземе потребните мерки за да се осигура дека следното намерно однесување е казниво:

(а) **јавно поттикнување на насилство или омраза насочени против група лица или член на таква група** дефинирана според раса, боја, религија, потекло или национално или етничко потекло;

(б) [...]

(в) јавно оправдување, негирање или грубо тривијализирање на злосторствата на геноцид, злосторства против човечноста и воени злосторства

151 ОН, МПГПП
152 ОН, ИЦЕРД
153 ЕУ Европски совет, Рамковна одлука 2008/913/ЈНА

како што е дефинирано во членовите 6, 7 и 8 од статутот на Меѓународниот кривичен суд, насочено против група лица или член на таква група дефинирана со упатување на раса, боја, религија, потекло или национално или етничко потекло кога однесувањето е извршено на начин што веројатно ќе поттикне насилство или омраза кон таква група или член на таква група;

(г) јавно оправдување, негирање или грубо тривијализирање на кривичните дела дефинирани во член 6 од Повелбата на Меѓународниот воен трибунал приложена кон Лондонскиот договор од 8 август 1945 година, насочена против група лица или член на таква група дефинирана со упатување на раса, боја, религија, потекло, или национално или етничко потекло, кога однесувањето е извршено на начин што веројатно ќе поттикне насилство или омраза кон таква група или член на таква група;

Препорака CM/Rec(2022)16 на Комитетот на министри до земјите членки за борба против „говорот на омраза“, Совет на Европа[154]

Кривично право

11. Земјите членки треба да наведат и јасно да дефинираат во своето национално кривично право кои изрази на „говор на омраза“ подлежат на кривична одговорност, како што се:

а. јавно поттикнување на геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства;

б. јавно поттикнување омраза, насилство или дискриминација;

в. расистички, ксенофобични, сексистички и ЛГБТИ-фобични закани;

г. расистички, ксенофобични, сексистички и ЛГБТИ-фобични јавни навреди под услови како што се оние посебно утврдени за онлајн навредите во Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за компјутерски криминал во врска со криминализацијата на дела од расистичка и ксенофобична природа извршени преку компјутерски системи (ETC бр. 189);

д. јавно негирање, тривијализација и оправдување на геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства; и

ѓ. намерно ширење на материјал кој содржи такви изрази на „говор на омраза“ (наведени погоре во потточките од а до д, вклучувајќи и идеи засновани на расна супериорност или омраза.

154 Совет на Европа, Препорака за борба против говорот на омраза

Дополнителен протокол кон Конвенцијата за компјутерски криминал во врска со криминализацијата на дела од расистичка и ксенофобична природа извршени преку компјутерски системи, Совет на Европа[155]

Член 2 – Дефиниција

1 За целите на овој Протокол: „расистички и ксенофобичен материјал“ значи секој пишан материјал, која било слика или кое било друго претставување на идеи или теории, со кои се застапува, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство против кој било поединец или група на поединци, врз основа на раса, боја, потекло или национално или етничко потекло, како и религија ако се користи како изговор за кој било од овие фактори.

[...]

Член 3 – Ширење на расистички и ксенофобичен материјал преку компјутерски системи

1 Секоја земја членка ќе усвои такви законски мерки што може да бидат неопходни за да се предвиди следното однесување како кривично дело според домашниот закон, кога е сторено намерно и без право: дистрибуирање или на друг начин ставање на јавно располагање расистички и ксенофобичен материјал преку компјутерски систем.

[...]

Член 4 – Расистички и ксенофобично мотивирана закана

1 Секоја земја членка ќе усвои такви законски мерки што може да бидат неопходни за да се предвиди следното однесување како кривично дело според домашниот закон, кога е сторено намерно и без право: упатување закани преку компјутерски систем, со извршување на сериозно кривично дело како што е дефинирано во домашниот закон, (i) на лица од причина што припаѓаат на група, која се разликува по раса, боја, потекло или национално или етничко потекло, како и религија, и ако се користи како изговор за кој било од овие фактори, или (ii) на група лица која се одликува со која било од овие карактеристики.

Член 5 – Расистички и ксенофобично мотивирана навреда

1 Секоја земја членка ќе усвои такви законски мерки што може да бидат неопходни за да се предвиди следното однесување како кривично дело според

155 Совет на Европа, Дополнителен протокол на Конвенцијата за компјутерски криминал

домашниот закон, кога е сторено намерно и без право: јавно навредување преку компјутерски систем, (i) на лица од причина што припаѓаат на група која се разликува по раса, боја, потекло или национално или етничко потекло, како и религија, ако се користи како изговор за кој било од овие фактори; или (ii) на група лица која се одликува со која било од овие карактеристики.

[...]

Член 6 – Негирање, грубо минимизирање, одобрување или оправдување на геноцид или злосторства против човечноста

1 Секоја земја членка ќе усвои такви законски мерки што може да бидат неопходни за да се предвиди следното однесување како кривично дело според домашниот закон, кога е сторено намерно и без право: дистрибуирање или на друг начин ставање на јавно располагање преку компјутерски систем на материјал со кој се негираат, грубо минимизираат, одобруваат или оправдуваат дела што претставуваат геноцид или злосторства против човечноста, како што е дефинирано со меѓународното право и се прифатени како такви со правосилни и обврзувачки одлуки на Меѓународниот воен трибунал, основан со Лондонскиот договор од 8 август 1945 година, или на кој било друг меѓународен суд основан со релевантни меѓународни инструменти и чија надлежност е признаена од таа земја членка.

ДРУГИ РЕСУРСИ

Акцискиот план од Рабат[156] за забрана на застапување на национална, расна или верска омраза што претставува поттикнување на дискриминација, непријателство или насилство ги опфаќа заклучоците и препораките од неколку експертски работилници на ОХЦХР (одржани во Женева, Виена, Најроби, Бангкок и Сантјаго де Чиле). Преку дебата заснована на меѓународното право за човекови права, поставена е тристрана цел, односно:

- Да се стекне подобро разбирање на законодавните модели, судските практики и политики во однос на концептот на поттикнување на национална, расна или верска омраза, истовремено обезбедувајќи целосно почитување на слободата на изразување како што е наведено во членовите 19 и 20 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (МПГПП);
- Да се овозможи сеопфатна оценка на состојбата со спроведувањето на забраната за поттикнување во согласност со меѓународното право за човекови права;

156 ОН ОХЦХР, Акциски план од Рабат

- Да се идентификуваат можни активности на сите нивоа.

Акцискиот план од Рабат беше усвоен од страна на експертите на завршниот состанок во Рабат на 4–5 октомври 2012 година.

Принципите од Камден за слобода на изразување и еднаквост или „Принципите од Камден“,[157] беа од организацијата ARTICLE 19 врз основа на дискусии во кои беа вклучени група на високи претставници на ООН и други официјални лица, како и граѓанското општество и академски експерти по меѓународно право за човекови права, за прашања поврзани со слободата на изразување и еднаквоста. Принципите ја утврдуваат релацијата помеѓу слободата на изразување и еднаквоста и „претставуваат прогресивно толкување на меѓународното право и стандарди, прифатената пракса на државно ниво (која, меѓу другото, е отсликана во националните закони и пресудите на националните судови), и општите принципи на правото признати од заедницата на нациите.“

Онлајн курс на Советот на Европа Combating ‘hate speech’
Совет на Европа Toolkit for Human Rights Speech
Канцеларија на Високиот комесар за човекови права на Обединетите нации Faith for Rights Toolkit
Европска комисија против расизам и нетолеранција, Општи препораки за политики 7 и 15[158]

157 ARTICLE 19, Принципи од Камден за слобода на изразување и еднаквост
158 ECRI Препораки 7 и 15 за општи политики